**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Треттото продолжение на Сто дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 април 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 129-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Зоран Крстевски, Коста Прешоски, Никола Апостоловски, Ванчо Ѓорѓиев, Рафет Муминовиќ, Игор Ивановски, Соња Лепиткова, Андреј Жерновски,Аднан Ќахил, Али Ахмети, Фазли Велиу, Рафис Алити, Агим Џелили, Хусеинџеват Хусеини, Мендух Тачи, Џевдет Насуфи, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Сашко Кедев и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 7- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невеработеност, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на закон е заклучен.

Треба да пристапиме кон гласање.

Колку што сум известен потпишани се 27 пратеници.

Праксата што ја воспоставивме во последниве шест месеци, во изборната година, ќе ја продолжиме.

Објавувам пауза, а ќе започнеме во 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,34 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да седнат на своите места, а службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните)

Благодарам.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, сега сме присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, гласале 59 пратеници, 48 за, еден воздржан и 10 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 57 гласале, 48 гласале за, нема воздржани, 9 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре,

Мислам дека расправата по текстот на законот би била во контекст на тоа што се одржа по општата расправа, затоа што овој закон има пет членови, заедно со шестиот што треба да биде објавувањето во Службениот весник и тоа ќе биде Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Во овој момент, во Собраниска процедура имаме уште три вакви закони. Јас мислам дека, минатиот пат имавте прашања од пратеник дали за ова е разговарано со господата стечајни работници и оние кои се прогласени технолошки вишок?

Колеги, би ве замолил многу кратко, затоа што го должиме тоа на луѓето и правиме една, навистина, какафонија од сите страни, не знаеме што и како се разговара, дали со ова решаваме проблем за кој што се заинтересирани тие или носиме еден закон што го носиме во предизборието, а понатаму последиците ќе ги чувствува некој друг. Затоа мислам дека не од политички аспект, туку од она што носи законот, она што министерот кој требаше да го каже на почетокот на расправата, со неговото излагање и она што го кажа на крајот од дискусиите на пратениците, мислам дека требаше да биде на почетокот. Основните прашања да се сведат на едно единствено.

Во Република Македонија постојат средства што се даваат, како што кажувате и вие со овој закон дека треба да ги префрлите од пасивни во активни мерки и со тоа да се обезбедат нови работни места, има еден данок што се плаќа повеќе години наназад, а се зема поради вработување. Очекував, бидејќи минатиот пат кажавте многу бројки, да ги слушнам и тие бројки, бидејќи тие средства треба да се користат за нешто што е активно, тоа е за вработување и отворање нови работни места. Колкави се тие бројки, каде се користат тие средства и за што до сега се искористени?

Со оваа ситуација, јас потполно ве сфаќам, со членот 2, промената на членот 64 став 1, во кој што кажувате на оние лица на кои им недостасуваат најмногу до пет години пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, а кое нема 15 години стаж на

осигурување, до остварување на 15-те години стаж на осигурување.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам колегите од позиција и опозиција потивко за да се сослушаме.

Господине Мавровски зборувате по Текстот на законот.

**Спиро Мавровски:**Претседателе, по текстот на законот. Говорам за членот 2, но изгледа по текстот на законот никој не разговара тука, туку разговараат за нешто поважно.

**Љупчо Јордановски:** Имаше општа расправа господине Мавровкси.

Ве молам, за вршете, изјаснете се, кажете по текстот на законот.

**Спиро Мавровски:** По текстот на законот и тоа што овој текст на закон и овие членови, кои се реперкусиите што ќе уследат, кои се добивките што ќе ги имаме со донесувањето на овој закон и она што понатаму не можеме да го реализираме.

Значи, основното прашање што од пасивно во активно ќе се префрли, првото прашање, со средствата што се земаат за вработување, второ, колку се ваквите луѓе кои очекуваат ова што вие го предлагате во членот 2, колку се сите останати кои очекуваат до пензиско и инвалидско осигурување, што се добива со членот 3, каде што под точка 1 па надолу намалувате од три месеци на 1 месец, од четири на 2 месеци, од шест месеци на 4 месеци и понатаму да не ги набројувам сите. Сите се рестриктивни. Имаме намалување на она што значи отпремнина.

Колкави ќе бидат овие средства, за невработените лица, колкава ќе биде заштедата што ќе ја постигне Министерството за труд и социјална политика и колку работни места со ова ќе отвориме? Тоа е круцијалното прашање за кое што вие го предлагате ова и треба да ни кажете дали имате нешто во предвид или овие активни мерки остануваат, да завршат тие пари како што завршиле до сега, некаде каде што апсолутно нема да се почувствуваат. Тоа ќе биде многу брзо до она што го очекуваме.

Членот 4, сите знаеме дека се во тек тие две години, што Собранието ги донесе за продолжување, дали важат и за тие луѓе кои ќе поднесат барање или не важат и тоа треба да го кажеме.

Членот 5, дали тоа ќе биде Законодавно-правната комисија на Собранието да утврди пречистен текст или тоа треба да го направи Минситерството за труд и социјална политика? Тука е забуната. Оставам на вас, доколку можете да ми објасните колкави се средствата за вработување, колку од тоа активно се користи, колку нови работни места отвориле, не работни места по Бранковиот закон, по вашиот закон, по не знам кој закон кој што уште во старт се изигрува и некој само прави добивка на нешто што е мака на другиот или пак ќе направиме ситуација што од ова ќе имаме корист, сите оние кои во моментов бараат работа.

Тоа што го кажувавте, доколку граѓаните се во состојба да најдат работа, а тие бегаат од работа тоа е веќе друга ситуација. Таква ситуација во Република Македонија апсолутно нема. На 400 илјади невработени, дали некој ќе биде во состојба со овие активни мерки вие да му обезбедите и колкав е тој број на луѓе кои ќе добијат работа. Тоа е основното прашање. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Присутни се 64 пратеници.

Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 57 гласале, 50 за, еден воздржан и 6 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за банки за микрофинансирање, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Еве, пред нас имаме еден закон за престанување на важењето на Законот за банки за микрофинансирање. Во она што Министерството ни го предложи како закон, тој се состои само од два члена: Во едниот дека законот за банки за микрофинансирање престанува да важи и овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Сега, господинот министер за труд и социјална политика ја напушти салата без да ни даде одговор. Но, што се случува? Она што како мерки, како национална стратегија и незнам која стратегија ја прави Република Македонија, една од основните ситуации беше тоа финансирање и микрофинансирање на вакви микро бизниси. Во периодот од август 2002 до август 2004 година во Република Македонија за такви микрофинансирања се отвори само една единствена банка. Немаме информации колку средства таа поделила за овој бизнис во Република Македонија, што е основната клетка и за што ја градиме економската програма, да можеме да бидеме уверени дека се движиме во правилна насока.

До сега, формиравме многу агенции, за вработување, за невработување, па сега за

привремено вработување и не знам уште што, но што од сето тоа? Не е про-форма нешто да се донесува и да се формира, а на крајот да заврши вака, како што завршува.

Значи, имаме формирано само една банка, тоа е Пробизнис банка, која што во меѓувреме се трансформираше во Прокредит банка, тоа е и денеска. Е, господо, ако градиме стратегија, ако сакаме да одиме напред, тоа да не завршува со една Влада, затоа говориме стратегија. Секоја Влада треба да го почитува и да го развива она што претходната го правела, во насока на подобрување на економската ситуација, токму тука, каде што сме најслаби.

Сега, можеме селективно да правиме дека има работа за невработените, но тие ја избегнуваат работата?! Па, нема таков човек во Македонија кој не сака да си го заработи својот леб. Тоа е апсолутно некоректно. Ова е една и единствена банка во моментов што со овој закон се затвора. Сега нема ни банка, а таа требаше дас биде затворена на 3 август 2004 година. Денеска сме 2006 година, и мислам дека помина многу време, две години, за да се донесе закон со еден член.

Што е причината, апсолутно не ми е познато? Сигурно од Министерството ќе добиеме одговор, ако не премолчат и тие, бидејќи гледам дека нема никој за расправа и ќе помине како што поминале сите расправи до сега. Но, тоа е тоа.

Значи стратегија и генерален план, како Република Македонија ќе оди понатаму, не почнува и не завршува со една единствена влада, затоа што од сега натаму се движиме кон Европската унија. Не смееме заради тоа што некој бил пред нас да уништиме се и од почетокот да почнуваме, се до другиот кога тој ќе уништи се.

Мислам дека ако сме се определиле за микрофинансирање и микробизниси, ако нашата иднина е мали и средни претпријатија, дајте тоа да го реализираме. Гледаме дека инвестиции и покрај најавите во овие четири години, апсолутно ги нема и со тие инвестиции ништо не направивме во Република Македонија. Дајте да најдеме план како тие 350 илјади, да не ги обвинуваме ние дека се виновни, дека сме им дале работа, а сега немаат, или не сакаат да работат. Тука е основниот проблем и тоа треба да го решаваат сите. И сегашната, но веќе не го реши таа, но идната Влада сигурно дека мора да му посвети огромно внимание токму на економскиот растеж во Република Македонија. Се другото, може да биде Охридски договор, утре и Струшки договор и незнам каков договор, но тоа е политика. Ова е вистина, ова е живеење и ова е приближување до Европската унија. Ако некој тоа го чувствува. Ако не јас искрено жалам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за банки за микрофинансирање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 55 гласале, 50 за, 1 воздржан, 4 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 55 гласале, 50 за, 1 воздржан, 4 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој барам збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 50 гласале, 46 за, 1 воздржан, 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 9 - Предлот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Пред нас е Предлогот за изменување и дополнување на Законот за извршување кој до нас пратениците е доставен од март 2006 година.

Но, истовремено би сакала да потсетам дека основниот закон за извршување е донесен во месец мај 2005 година, значи неполна година од денот на донесувањето на законот. Сега, всушност, Министерството за правда предлга измени и дополнувања на Законот за извршување.

Во самите причини поради кој треба да се донесе законот, она што е наведено, се вели дека е направен превид во однос на иницијативата за наплата на трошоците и казните и во другите постапки, освен кривичната и прекршоната постапка, но и во делот на условите кои треба да ги исполнат кандидатите кои треба да бидат именувани за извршители.

Во она што се водело како дискусија во јавноста по однос на квалификациите на помошниците на извршителите, укажале на околноста дека тие работат според насоки и упатства и конрола на

извршителите, кои ја сносат целокупната одговорност во работењето.

Законот за извшување се предложи и се донесе од страна на ова Собрание на Република Македонија, токму од причини да се растовари работата на судовите. Извршувањето да се префрли на определени личности кои ќе ги исполнат условите согласно законот и подзаконските акти, предложени од страна на министерот за правда и на тој начин да може поефикасно да биде замото извршување.

Сега после девет месеци, или десет месеци, Министерството иако верувам дека колегите кои укажуваат при самото донесување на Законот за извршување за определени празнини кои постојат во законот дека тие празнини со овој предлог за донесување на закон се покажа дека од суштинско значење се празнините кои се појавуваат во основниот текст на законот.

И тогаш кога се зборуваше за извршувањето и оние лица кои се нафатиле да бидат извршители, согласно законот за извршување, беше поставен еден голем знак на прашање. Досегашните одредби на Законот за извршна постапка укажуваат дека и со судските извршители и со помош или со асистенција на полицијата, значи со помош на Министерството за внатрешни работи, ние го немавме тоа извршување, кое требаше да биде, согласно извршните исправи.

Значи на тие институции кои постоеја во државата и дел од системот, судските извршители и полицијата, ние неможевме, или судот не можеше да ги изврши оние извршни пријави и да го заврши делото, или постапката до крај.

Во самите причини и самото Министерство навело дека едно од суштествените околности што довеле до одложувањето на примената на овој закон, затоа што ние го донесовме со одложена примена од 1 мај или 1 април 2005 година. И фактот дека во тој период неопходен за да може да се создаде една критична маса на луѓе кои можат да бидат извршители, фактичката состојба покажала дека нема заинтересираност од страна на луѓето кои иако ги исполнуваат условите, не сакаат да бидат извршители.

Покрај другото, за самите извршители беше воведен и испит, дури и скоро пред месец дена беше полагањето на испитот, меѓутоа, од оние сознанија кои јас ги имам на лицата кои учествувале на самиот испит за полагање на извршители, каде што претставник има и од Министерството за правда, тежината на испитот за извршители е скоро еднаква на тежината на испитот кој ја има правосудниот испит. Можеби тоа е причината што мал број на извршители се јавуваат, иако верувам дека во оваа држава постојат кадри кои ги исполнуваат законските услови, но факт е и едно друго дека луѓето не се мотивирани едноставно, да можат да ја вршат таа работа. Причините се она што го кажавме претходно, значи нема сигурен систем кога постоеше не се извршуваа соодветните одлуки, а не сега пак кога едно лице со помошници да ја преземе на себе одговорноста, или тежината за извршување на тие одлуки. Дури и со овој предлог за изменување и дополнување на законот за извршување онаа тежина која треба да ја има помошникот, веќе се изедначува со извршителот, затоа што со предлогот се вели дека за помошник може да се назначи лице кое ги исполнува следните услови: да е државјанин на Република Македонија, да е деловно способен, да има завршено Правен факултет и положен правосуден испит. Извршителите, покрај тоа што полагаат тој испит за извршување, за кој можам да кажам дека е апсолутно тежок испит од она што го имам како сознание од луѓето кои го полагале тој испит. Значи се става знак на еднаквост, или равенство помеѓу помошникот кој му помага всушност, на извршителот во извршувањето на соодветните дејствија. Која е причината и помошникот да се дигне на ранг на човек кој има завршено Правен факултет и положено правосуден испит, тоа само Министерството за правда знае.

Во останатиот дел од Предлогот за изменување и дополнување на Законот, покрај она што е согласно измените кои ги бара законот за даночна постапка, дури се и некои технички промени, од, на, за, до и така натаму, меѓутоа, со донесување, или со предлагање на овој закон се покажа она што го кажуваат колегите прри донесувањето на законот за извршување, а тоа е дека постојат одредени недоречности кои ќе посметаат при пактичната примена на Законот. Значи со овој предлог за изменување се докажа дека таквите недоследности, или таквите празнини треба да бидат потполнети.

Во членот 14 кој во предодните и завршните одредби, посебно се менуваат и тоа со додавање на нови два става во членот 240. Уште еднаш се потврдува фактот, или тоа можеби е основната причина заради која се вршат овие измени и дополнувања. Ставот 2 вели дека одредбите на Законот од извршната постапка ќе продолжат да се применуваат на подрачјата на кои не е именуван извршител до започнување со работа на извршиелот за тоа подрачје.

Владата на Република Македонија поднела амандман во меѓувреме, за додавање на нов член 13-а, со кој се менува или се додава нов член 236-а, кој исто така се однесува на ова незаинтересираност на луѓето кои ги исполнуваат условите за да можат да бидат извршители, тие не се пријавуваат и не сакаат, едноставно да бидат и кој вели дека до именувањето на извршители за секое подрачје на основните судови согласно членот 31 од овој закон и подзаконскиот акт со кој се определува бројот на извршителите за подрачјето на Основниот суд. Извршителите именувани до денот на отпочнување со примена на законот ги извршуваат извршните исправи и на другите основни судови кои припаѓаат на тоа апелационо подрачје, за чие подрачје е именуван извршителот. Значи, сега на тие им даваме и нова работа за другите судови од истото апелационо

подрачје, затоа што, едноставно луѓето не се мотивирани и заинстересирани да бидат извршители.

Од друга страна, имаме два вида на закони, кои се однесуваат на извршувањето. Значи со членот 14 и Законот за извршна постапка и одррредбите на Законот од извршна постапка и истовремено со Предлогот на законот, ние всушност го менуваме Законот за извршување. Дали е тоа усогласување на овие два закона се прашувам, или е пак, создавање на дуализам помеѓу овие два закони: Законот за извршна постапка и Законот за извршување. Затоа што во ставот 3 кој се додава во членот 14 се вели дека одредбите на Законот за извршната постапка од делот 3, тоа е постапката за обезбедување, ќе продолжат да се применуваат до донесувањето на законот за претходни и привремени мерки за обезбедување на побарувањата. Значи, ние треба да чекаме и нов закон, за да можат и Законот за извршна постапка и Законот за извршување да бидат практично, применливи. Вака, кога ќе дојде на ред законот за претходни привремени мерки за обезбедување на побарувањата, затоа што не е наведено до кога ќе се донесе тој закон, извршителите и сите оние кои ќе бидат во процесот на извршување, се прашувам дали ќе знаат по кој закон кои им се правата и на кој начин треба да го работат она за кое тие како извршители треба да бидат именувани од страна на министерот за правда, со сите оние промени на услови кои ги има предложено Министерството за правда.

Значи, сакам уште еднаш да потврдам, гледам и од комисиите од извештаите на Законодавно-правната комисија, на Комисијата за политички систем се укажува на определени недоследности во основвниот закон, за да може и Законот за извршување да функционира.

Сега можеби, заменик министерот за правда ќе може да даде определено дополнително објаснување да знаеме како на крајот да гласаме за овој предлог за изменување и дополнување на Законот за ивршување. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Иванова имате три минути реплика.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе, јас внимателно ја слушав дискусијата на колешката Којзеклиска и навистина, оваа дискусија би била добра доколку беше при донесувањето на основниот закон за извршување. Ние го донесовме многу порано Законот за извршување и доставивме одложена примена во преодна и завршна одредба, со тоа што некаде од 27 мај треба да отпочне да се применува овој закон за извршување.

Значи измените кои сега се предлагаат на овој закон, не значи дека се такви недоследностите во законот, кои што секако, предлагачот не ги видел. Ги имал предлагачот предвид пред да отпочне да се применува законот. Ништо не е лошо во тоа, кога се донесува еден нов закон на квалитативен начин, поинаку ја регулира оваа материја. Секако добро е ова доблесно што еве предлагачот одговорно пристапува кон донесување на самиот закон и сам си ги нашол пропустите и пред да отпочне примената си предлага измени и дополнувања на самиот закон, што не значи дека понатаму во прктичната примена ова е нов начин на извршување на правосилните извршни пресуди, не значи дека и понатаму нема да се увидат и да се утврдат правните празнини.

И околу незнаењето на правниците кој закон, или евентуално извршителите кој закон да го применуваат, сите овие се луѓе кои што се со висока професионалност и точно и јасно е утврдено со преодните одредби од овој закон за измени и дополнувања дека Законот за извршување го дерогира Законот за извршната постапка, но остануваат одредбите кои се однесуваат на постапките за обезбедување.

Вакви закони сме имале и до сега и ова не е ништо ново во правото кај нас.

Ако има доволно време, во однос на помошниците за извршители да кажам дека, бидејќи со основниот закон услов за да се биде помошник беше и помошникот да има испит за извршители, но сега се бара помал степен на стручно образование, или специјалност, така што Министерството односно предлагачот предалга во текстот помошникот на извршител да исполнува услови, односно да има положен правосуден испит, меѓутоа, ние членовите на Законодавно-правната комисија сметаме дека не може помошникот на извршителот да има правосуден испит, кој е повисок степен на специјализација и затоа поднесовме амандман, со кој се бара помошникот извршител да биде правник и да има одредени години на работно искуство. Се надеваме дека предлагачот ќе го прифати овој наш амандман и со овие измени ќе имаме поквлаитетен закон за извршување.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска, една минута контра реплика.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Само да повторам, во мај 2005 година го донесовме Законот за извршување, а сега сме март 2006 година. До сега, до колку сакало Министерството за правда, иако Законот има одложена примена, кога го донесовме знам дека тој има одложена примена и тоа го спомнав, колешке, во дискусијата, меѓутоа, до сега можеле да видат и порано да се распишат тие испити за извршители, за да се види колку всушност има заинтересирани кандидати кои ќе сакаат да го положат испитот. Инаку вака, искрено да ви кажам, постои реална опасност овој Закон за извршување, иако е добар, да профункционира, до колку ние не гинајдеме или до колку навистина кандидатите за извршители не се пријават на огласот или конкурсот и да го положат испитот, за да можат да бидат извршители.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Томиќ, повелете.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе.

Оваа дискусија ќе биде сосема кратка и ќе се задржам само на измените што овој закон ги предвидува и како колешката Иванова, само ќе повторам дека и Владата и Министерството за правда правовремено реагираат, бидејќи видно е од практиката, односно од првиот испит за извршители кој се спроведе очигледно е дека во практичната примена постојат одредени недостатоци кои токму преку овој Предлог на закон за измени и дополнување се надоградуваат.

Во тој контекст, а сосема спротивно од она што го кажа колешката Којзеклиска, ќе наведам само неколку аргументи.

Како прво, воопшто не е точно дека немало заинтересирани лиццa во полагање на овој испит. Имено, на првиот конкурс биле пријавени 84 кандидати, што значи имало извонреден интерес, меѓутоа, прв пат положиле само 26 кандидати и тоа е во ред.

Второ, со првото полагање, од 16 подрачја кои се предвидени во Република Македонија да бидат извршители, веќе се пополнети 6 подрачја на Република Македонија. Се поставува прашање и тука е Којзеклиска во право кога вели што правиме до моментот на пополнување на оние подрачја на извршителите. Во тој контекст, навистина имаше квалитетна расправа во комисиите и мило ми е што од Министерството за правда беше поднесен амандман на членот 13-а, по членот 13, значи до именувањето на извршителите за секое подрачје на основните судови, согласно членот 31 од овој закон и подзаконскиот акт со кој се определува бројот на извршителите на подрачјата на Основниот суд, извршителите именувани до денот на отпочнување со примена на законот ги извршуваат извршните исправи и на другите основни судови кои припаѓаат на исто апелационо подрачје. Тука не би се повторувале, но сакам само да апелирам до сите колеги, а пред се и до претставниците на Владата. Имено, сметам дека амандманот поднесен од нас колегите од разни политички партии, од Цветанка Иванова, Ристана Лалчевска, Зоран Томиќ, Борис Кондарко, Ефтим Манев, Чедомир Краљевски, Аднан Јашари, Исни Шакири и Ристе Бислимовски заслужуваат должно внимание, бидејќи предлагаме по точката 3 да се додаде нова точка 3-а која би гласела да има најмалку 5 години работно искуство на правни работи или 3 години на извршни работи. Со тоа сметаме дека законот добива на уште поголемо значење и уште поголем квалитет и конечно, кај сите нас, ако се сеќавате овој закон го донесовме едногласно, основната идеа е да се растоварат судовите од огромниот број на извршни предмети. Верувајте, овој закон еве сега ќе стапи во сила и ќе почне практично да се применува, што претставува една вистинска реформа во правосудниот систем. А што се однесува до бројот на заинтересираните лица, верувајте, тој ќе расте од ден на ден, бидејќи со изработката на подзаконските акти самиот податок дека за првиот конкурс конкурирале дури 84 лица сосема јасно зборува за што станува збор. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска повелете, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Со донесувањето на Законот за извршување, кој едногласно беше подржан од ова Собрание, воведовме нов начин на извршување, а јас очекувам и нов квлаитет во извршувањето, пред се во сегментот на побрзо и поефикасно извршување, како и поквалитетно завршување на извршувањето на оние пресуди кои станале извршни.

Меѓутоа, сега се наоѓаме пред примената, бидејќи овој закон имаше одложена примена, во мај месец треба да отпочне примената на овој закон, се појавија одредени слабости во законот, кои Министерството со Предлогот за дополнување и изменување на овој закон се обидува да ги отстрани. Кои се слабостите? Слабостите што ни се јавија е што има многу малку кандидати кои го положиј аиспитот-јас не дебатирам со бројка колку се пријавија, меѓутоа, многу малку го положиле испитот за извршители во првиот испитен рок. Колку што имам информации, сега е вториот испитен рок и да видиеm колку кандидати ќе положат кои ќе бидат подготвени да го преземат извршувањето.

Меѓутоа, најголемиот проблем можеби не е во бројот на кандидати кои го положиле испитот и кои можат да пристапат, да почнат да работат со извршување, туку во нерамномерноста на застапеност по градови. Јас на пример знам дека од Охрид нема ниту еден кандидат и се прашувам кој во Охрид ќе го преземе извршувањето.

Сега со овој амандман што Владата го доставува времено ќе се разреши тој проблем, дека нив ќе ги извршуваат извршители од други основни судови кои припаѓаат на исто апелационо подрачје, односно од апелационото подрачје Битола, конкретно за Охрид можеби од Битола или од некој друг град во ова апелационо подрачје ќе ги извршува во Охрид. Меѓутоа во целиот западен дел на Македонија, моите информации зборуваат дека многу мал број на извршители имаме. Колку што знам, најмногу се од Скопје. Не знам дали со ова решение што го предлага сега Владата сепак ќе успееме да ја надминеме оваа ситуација. Тоа е едниот проблем. Јас очекувам дека ќе се надмине и дека ќе се јават многу повеќе кандидати кои ќе го положат овој испит за извршители и дека сепак законот ќе отпочне да се применува онака како што е предвиден, внесувајќи нов квлаитет во извршувањето. Сите оние аномалии кои ќе се појават понатаму верувам дека брзо ќе се разрешуваат.

Втората аномалија која се појави е недореченост на законот околу помошниците на извршителите. Во основниот закон е спомнато дека тие ќе имаат свои помошници, меѓутоа, понатаму не беше ништо разработено кои се тие помошници, каква

стручност треба да имаат и кои услови треба да ги исполнуваат за да бидат помошници на извршители.

Овде во Предлогот на законот за измени и дополнување се предлага ново решение, во кое се предвидуваат условите кои треба да ги исполнат помошниците на извршителот. Меѓутоа, уште на седницата на Законодавно-правната комисија се спротивставив на точката 3, во која се бара помошниците на извршителите покрај завршен Правен факултет да имаат и положен правосуден испит и тука влеговме во еден дијалог дека ќе создадеме ситуација помошникот или калфата да биде поголем од мајсторот, затоа што во условите кои треба да ги исполни извршителот се бара Правен факултет, да биде државјанин на Република Македонија и т.н. и да го има положено испитот за извршители, меѓутоа, не и правосудниот испит. Сега ќе се доведеме во ситуација неговиот помошник да биде поголем правник, условно кажано, од самиот извршител кој треба да ја води работата. Затоа, со колегите кои претходно ги спомна и колегата Томиќ, поднесовме амандман и јас искрено очекувам дека претставниците на Министерството ќе го прифатат нашиот амандман, за да ја елиминираме таквата недоследност, а моето изјаснување навистина ќе зависи од тоа дали ќе биде прифатен амандманот, бидејќи јас не можам лично да прифатам да се доведеме во ситуација помошникот да биде поголем од мајсторот, како што кажав. Благодарам, толку имам да кажам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Инаку, во оваа држава многу калфи се посилни од мајсторите, а никао мајсторите да си ги ослободат местата. Тоа е еден од проблемите.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес по законот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање по заклучокот.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум за гласање).

Благодарам, сега во салата има 61 присутен пратеник.

Заклучокот кој гласи: Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за извршување го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник присутен во салата, гласале 58 пратеници, 55 пратеници гласале за, 1 воздржано и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник присутен во салата, гласале 52 пратеници, 49 пратеници гласале за, нема воздржани и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 13-а по членот 13 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 5 во новиот став 3 во втората реченица; за менување на член 7; член 14 за преформулирање на воведната реченица во два нови ставови, за бришење на новиот став 2 и за менување на новиот став 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Ристана Лалчевска, Зоран Томиќ, Борис Кондарко, Ефтим Манев, Чедомир Краљевски, Аднан Јашари, Исни Шаќири и Ристе Бислимовски, поднесоа амандман на член 6 точка 3 и за додавање нова точка 3-а по точката 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на Пратениците член 6 точка 3 и за додавање нова точка 3-а по точката 3, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ристана Лалчевска, Зоран Томиќ, Борис Кондарко, Ефтим Манев, Чедомир Краљевски, Аднан Јашари, Исни Шаќири и Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни гласале 51 пратеник од кои 51 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 11-Барање за давање автентично толкување на член 135 став 3 од Законот за здравствената заштита, поднесено од претседателот на Советот на Општина Велес.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучо:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 135 став 3 од Законот за здравствена заштита, поднесено од претседателот на Советот на Општина Велес не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до претседателот на Советот на Општина Велес.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни гласале 51 пратеник од кои 48 за, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точката 12-Предлог на Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година.**

Предлогот на Националната програма и Извештајот на Комисијата за образование, наука и спорт ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Националната програма.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за образование и наука господинот Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дозволете ми во кратки црти да го образложам Предлогот кој е предмет на дискусија по оваа точка.

Пред вас е еден поголем програмски сет на документи наречен Национална програма за развој на образованието.

За јавноста, а и за ваша поблиска информација да објаснам... (реакција од страна на пратениците дека заменик министерот зборува многу гласно). Замолчете, па јас ќе зборувам потивко.

Значи, зошто Национална програма? Затоа што во оваа Национална програма се содржат 10 програмски документи и основниот базичен програмски документ кој ги отсликува мисијата, визијата и идните насоки за развој на образовниот систем во Република Македонија во периодот 2005-2015 година.

Освен базичниот документ како составен дел на оваа Национална програма се:

- Програмскиот документ за предучилишното образование;
- Програмскиот документ за основното образование;
- Програмскиот документ за средното и постсредното образование;
- Програмски документ за високото образование;
- Програма за институционална поддршка на реформите;
- Програма за кариерен развој на наставниците;
- Програма за контрола на квалитетот на образовниот систем;
- Програма за примена на информатичко компјутерската технологија во образовниот систем;
- Програма наречена јазично портфолио, за прв пат во една европска земја се воведува ова;
- Програма за образование на возрасни во системот на доживотното учење.

Почитувани пратеници, освен овие програмски документи во кои навистина се даваат основите за силни реформски зафати кои веќе се започнати во системот на образование во Република Македонија, но се дава и соодветна динамика преточена во акциони планови кои се составен дел на програмските документи. Се претпоставува дека со одредена динамика до 2010 година Македонија ќе добие комплетно реформиран систем на образование во контекст на Европската легислатива и во контекст на најразвиените европски држави.

Се надевам дека јавната расправа која беше околу шест месеци во која беа вклучени огромен број на институции и разни други форми на директна и индиректна поддршка со предлози, сугестии, измени и дополнувања на одредени решенија кои беа дадени од без малку директно 50 експерти директно вклучени во Програмата, ќе наиде на поддршка кај вас.

Дозволете ми во оваа дебата, доколку има различни интерпретации или прашања кои се директно поврзани со проблематиката која е дадена во обемниот текст, а за која сум информиран дека преку електронска верзија е доставена до секој пратеник, со задоволство би одговорил на тие прашања или би разрешиле дилеми.

На крајот би ве замолил да дадете безрезервна поддршка преку усвојување на Националната програма, бидејќи на тој начин стануваме составен дел на европското семејство кое ќе има една комплетна визија во кои насоки ќе се движи образовниот систем преку реформските зафати во наредниот десетгодишен период. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Митковска имате збор.

**Милка Митковска:** Благодарам господине претседателе.

Образованието како основна база на стратегијата за економски и стопански развој на земјата и неговото поврзување со реалните потреби и на стопанските и на нестопанските дејности се покажа како неопходно потребно особено со јасно

поставените цели на државата. Имено, целосно интегрирање во глобалното европско семејство.

За пофалба е што е изработена една национална програма за развој на образованието, но има едно големо "ако". На што се однесува?

Ако ја имаме во предвид брзата и кревка децентрализација на локалната самоуправа и недоволно расчистените односи држава-локална власт се плашам дека понудената национална стратегија за образование 2005-2015 година ќе може да заживее односно на време да се имплементира како позитивна иницијатива.

Зошто вака размислувам?

Прво, поради веќе спомнатата кревка децентрализација во која сеуште повратно немаме релевантни податоци за тоа кои стопански гранки егзистираат во одредени општини, какви се нивните потреби од стручни кадри и од кој профил на стручност, какви се економските состојби и услови за развој на тие економски состојби, какви ќе бидат развојните можности на локалните самоуправи и слично.

Сето ова условува да не може да се изготви една нова образовна мрежа и потребен обучен профил од кадри кои би го спровеле во пракса односно би ги спровеле во пракса програмите кои сеуште се во фаза на изготвување според реалните потреби на стопанството и на нестопанските дејности.

Според Националната програма вака дадена изгледа премногу убаво, доволно накитена, но е малку реална. Во оваа насока зборува и констатацијата на изготвувачот на самата Програма кога вели дека буџетот за образование секоја година ќе биде се порестриктивен. Како тогаш без средства би се реализирала оваа програма.

Оттука прашувам, дали образовната национална програма ќе ја финансира стопанството како што е наведено во неа кога знаеме дека во одредени општини стопанство скоро и да не постои. Дали значи дека во таквите општини ќе нема потреба од образование односно од образовни институции?

Во Програмата се наведува дека како организатор, реализагтор и финансиер ќе се вклопат и невладините организации односно невладиниот сектор. Се прашувам на кое ниво ќе бидат тие обуки што ќе ги врши нестопанството односно невладиниот сектор, кој ќе ги верификува овие признанија за обуки и колку тие ќе бидат релевантни во однос на оние издадени од соодветни образовни институции.

Оваа Предлог-Национална програма за развој на образованието од периодот на 2005 година, па до периодот на вистинското заживување на децентрализираната локална самоуправа и власт и нејзиното економско и стопанско зајакнување за кое не се знае колку ќе трае, до тогаш програмата би почивала само на евидентирање на потребите како прва фаза и надеж дека ќе дојдат подобри времиња за утеха и на младите и на возрасните.

За оваа Национална програма за развој на образованието отсуствува и правна норматива која допрва треба да се донесе. Оттука моето сомневање дека оваа национална програма за развој на образованието ќе има можност да заживее во догледно време се додека не се разрешат сите овие претходно наведени предуслови.

Ова не значи дека не ја поддржувам Националната програма, но и понатаму останувам со своето убедување на сомнеж дека таа во најскоро време може да заживее токму поради овие нешта што ги наведов до сега како нејзин недостаток. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Митковска.

Повелете господине Асани имате збор.

**Фатмир Асани:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа.

Документот насловен како Национална програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005 до 2015 година, документ кој детерминира насоки на развој на образованието на сите нивоа во државата. На прв поглед еден документ, една стратегија која треба и понатаму да се олицетвори со професионализмот се со цел образованието во целост да има еден фундамент кој го заслужува, а не како што е сега.

Образованието е на едно ниско ниво како од аспект на едукацијата, така и од аспект на образованието.

Моите забелешки на оваа Национална програма се насочени на две клучни насоки:

Прво, убеден сум дека секоја влада и секој нов министер кој е на чело на ова Министерство се стремат да ги отфрлат поранешните стратегии и да направат нова стратегија.

Второ, сеуште немаме донесено стратегија за професионален избор на министрите. Лекар за образование, наставник за здравство, машинист за земјоделство, така премиерот се претвора во земјоделство, некогаш за урбанизам и екологија.

Во текот на уредувањето на програмата за развој на предучилишното образование на основните училишта, средните и стручното образование на образовниот кадар покрај другото се спомнува новата архитектура на иницијалниот систем на оспособување на наставниот кадар. Се мисли дека преку ова ќе се постигне класификација на сертификатите за да се постигне мобилност за наставници.

Вака беше и порано, но резултатите се исти во воспитно-образовниот процес. Во меѓувреме со оваа програма не се предвидува некоја револуционерна новина без вистински континуитет.

Во овој документ се предвидува иницијално образование нагласувајќи решение, селекција и утврдување на критериуми и на одредени механизми. Способноста на наставникот за еден

или два предмети, програмската структура од курикулумите на стандардите и начинот на евалуацијата на иницијалното образование и други работи.

Стручното усовршување, меѓу другото, не се спомнува како новина и покрај тоа што беше како политика и стратегија од порано. Во оваа програма не можеш да најдеш нешто што ветува, но еден вид тафтологија адаптирана на денешната дневна политика и ништо повеќе. Оваа работа е беда, а не програма. Кога наставникот има плата за пет вреќи брашно и еден пар чевли, ова се гледа во конструкцијата на зборовите и во речникот на комунистичката тафтологија неразбирлива на реалните барања на нашето општество.

Еве уште едно чудо ставено во оваа програма. Цитирам:

Министерството за образование и наука во идниот период ќе преземе евалуација и усовршување на програмата за подготвување и оспособување на наставниците.

Второ, формирање на институционална ефикасна поддршка на образовниот систем.

Трето, создавање на услови за нови сознанија за да има наставници на образовно ниво.

Четврто, обезбедување на услови за унапредување во кариерата на наставникот.

Го прашувам заменик министерот што има ново во овие тези додадени во овој документ. Погледнете ги другите документи дали има некоја разлика со исклучок дека имаме внесено по некој странски збор кој е денеска во мода и ништо повеќе од ова.

Ова ви го велам како родител дека образованието и наставниците во Република Македонија се во бедна состојба. Како сите досегашни влади така и сегашната Влада нема направено ништо за развој на образованието во Република Македонија. Каква почит има денеска наставникот од државата и родителите. Ќе ви кажам дека државата наставникот го има доведено во една бедна состојба. Тој веќе не е почитуван од самото Министерство со една плата од 200 евра, дека е заобиколен од сите креативни работи, наставни и едукативни.

Кога целото општество и државата е во една провалија од која не можеме да излеземе уште многу години, сите стратегии ќе бидат позитивно завршени доколку наставниците беа една почитувана личност од самото Министерство и од самата држава. Кога државата ќе им го зголеми моралот и одговорноста и пред учениците и пред родителите, но и пред нашето општество.

Како сакате со овие документи да ја измамите целата структура на интелектуалци кога пишувате празни тези без ништо конкретно за зголемување на стандардот на наставникот и учениците кога на наставникот му се обезбедува скромно училиште, модерно со кабинети и наставни средства, кога на училиштата ќе им обезбедите елементарни услови за работа, кога училиштата ќе ги опремите со компјутери и други средства како што тоа го бара Европската унија и напредниот демократски свет?

Јас жалам кога се вели, дека сите овие програми не се во согласност со елементарните услови кои постојат сега во сите рурални подрачја и урбани подрачја во Република Македонија, кога во нашите училишта нема вода за пиење, кога нашите деца учат во училишта кои ги имаат изградено многу поодамна, уште од времето на владеењето на кралот од Србија, или нашите деца учат во полициските станици од 1931 година, како на пример во село Никуштак каде што училиштето нема санитарен чвор, каде што учениците учат во многу мал простор, кога во училиштето нема ниту врати, ниту прозори, со разрушени и неваросани ѕидови повеќе од десет години. Каде бевте вие властите на Македонија порано да ги подобрите овие услови и да направите училишта како што и доликува на секоја држава која ветува да живее и да работи во 21-от век, кога со сиот ваш елан кој го дадовте секојдневно го лажете граѓанинот дека многу брзо ќе влеземе во Европа, дека за нас се отворени вратите итн. Јас ќе ви кажам дека со работата што сте ја направиле досега не заслужувате да влезете ниту од една врата на ниту едно училиште, во ниту една врата ниту еден родител, во ниту една врата на ниту една општина. Училиштето го оставивте како што беше пред вас и вие почитуван министер, со неколку збора кои ги научивте од системот за образование, не видовте ништо, дури не му помогнавте на училиштето на ниту еден начин. Еве еден пример. Вие на училиштето му дадовте само седум до осум илјади евра, додека родителите од селото Отља платија повеќе од 30 илјади евра за тоа училиште. И вие отидовте и ја пресековте лентата на новото одделение во тоа село. Како дозволивте да сечете вакви ленти кога не плаќате ништо во оваа насока. Во Програмата за основното образование се пишува широко за истите работи. Но вашата стратегија не носи ништо ново. Истото е и во средното образование, дури и во високото образование. Во документот за високото образование се предвидува трансформација на универзитетите според начелата на Болоњскиот процес и на други декларации, структурни трансформации и на регулативата и законите според препораките на Болоња. Изградбата на ефикасен систем на студенски стипендии, соработката со професорите и студентите, развојот на стратегијата за развојот на науката и на технологијата и други работи. Не знам што сте кажале ново овде. Оваа Стратегија постоеше и порано. Вие сте го додале само Болоњскиот процес. Ја прашувам Владата во кои универзитети е Болоња, освен во Југоисточниот универзитет во Тетово и Тетовскиот универзитет. Во Скопскиот универзитет сеуште нема ништо ново и сеуште се експериментира во оваа насока. Но, треба да се нагласи нешто друго. Денешните универзитети во Македонија немаат исти развојни

услови и простор и средства кои се клучен проблем за постигнување на подобри резултати. Исто така, во овој документ се говори на големо за трансформацијата на образовниот кадар кое е една неопходна и добра работа. Но, реалноста говори сосема поинаку. Сегашната Влада и Министерството за образование и наука во текот на овој мандат воопшто не биле во состојба да финансираат за нов кадар во високите институции и во научните институции. Според документацијата која ја поседувам ниту еден нов научен работник не е примен во научните институции во Скопје, почнувајќи од Институтот за фолклор до Институтот по историја. Како мислите да го развиете образованието кога не сте во состојба да дозволите прием на еден асистент, или елаборат во соодветните факултати и сите државни универзитети и научни институции и други институции.

Еве неколку примери кои докажуваат за вашето потфрлување во однос на образованието на Албанците во Македонија. Средното економско училиште, паралелките на албански јазик во Куманово работат во катастрофално тешки услови. Тие користат само еден тоалет и учениците и ученичките, без да се опфати и малиот простор за работа.

Понатаму, отсуството на четири паралелки во основното училиште во село Слупчане каде учениците трчаат од една училница во друга училница за да се одвива наставата, отсуство на предучилишна возраст, пред училишните деца треба да патуваат повеќе од два километри за да ја следат наставата во централното училиште. Ова предучилиште се растури пред 2001 година. Албанските паралелки во гимназијата во Куманово немаат ниту спортска сала, ниту разни кабинети кои се неминовни за средното образование. Во овој случај наспроти тоа дека има и многу други примери, сакам да му кажам на министерот за образование дека се покажа неспособен за да се соочи со проблемите на образованието.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе. Еве, го слушнавме заменикот министер, очекував дека ќе го видиме министерот со образложение за еден многу важен документ, ова што е пред нас Национална програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005 до 2015 година. Колку што мене ме служи памтењето, сега сме 2006 година, значи оваа стратегија треба да ја носиме, или дали ќе ја донесе овој парламентарен состав 2006 година, или ќе биде 2007 година за наредните десет години во моментот кога се наоѓаме во предизборие, мислам дека во најмала рака е некоректно, затоа што и пред малку говорев кога се работеше за економските планови, дека ние треба како Влада и како политичари да го почитуваме она што некој пред нас го започнал, она што е добро и на кое што ќе се надградуваме. Ако мислиме дека со нас почнува и завршува светот, имаме генерален проблем и тој проблем е очигледно дали е тоа Стратегија, дали е тоа закон, измена, или дополнување на законот, секогаш ќе не враќа назад, а тоа враќање назад никој не го посакува. Од друга страна пред нас имаме една Национална програма за развој на образованието во која што гледам многу убави желби, нешто што кога ќе го прочитате едноставно не можете да го одбиете. Но, од друга страна гледам реалност. А реалноста е многу поинаква од ова што некој сака тука да го презентира. И сега двоумењето меѓу едното, или другото го прави основниот проблем и ова што претходно господинот Асани го говореше, тоа е реалноста, тоа е вистината. За жал, тоа е така.

Јас ќе се обидам да изнесам едно мислење во однос на она што е ова Национална програма, во однос и контекст на она што беше донесено како Национална програма и кое што тука не е спомнато апсолутно никаде. Се надевам дека Министерството за образование имаше можност во овие 4 години да работи токму по таа програма и се надевам дека работеше во поголем дел, или пак го изостави сето тоа и тргна во некоја друга насока која што предизвика изградба на една нова стратегија. Значи, донесувањето на нова нова Национална програма за развој на образованието како главен стратегиски документ е неосновано од причина што Република Македонија веќе ја има донесено својата стратегија за развој на образованието и тоа од 2001 до 2010 година. Стратегијата се реализира веќе 6 години и останува да се довршат и последните 4 години од нејзиното важење. Република Македонија е држава што е препознатлива по својата просветителска традиција од средниот век. Во неа образованието од одамна било на високо место во општествената хиерархија на вредности со соодветно почитување на носителите на образовната дејност. Покрај ова изразено поволно влијание имаше периодот на равиток на широка образовна мрежа во првите стадиуми на развитокот на социјалистичкото уредување. Изградбата на образовниот систем во претходниот век била заснована на примерите од Германија и Франција што денес претставува солидна основа за усовршување на системот во насока на целосна компатибилност со заедничкиот европски образовен простор. Денес Република Македонија како и по сите други белези и според образованието се доближува до средно развиените земји од страната на земјите во развој во однос на земјите од регионот кои што се главно поразвиени, можеби се наоѓаме само пред Албанија и Молдова. Таквата позиција е одраз на вкупниот општествен развој наспроти распространетите предрасуди дека само врз основа на традицијата би требало да имаме многу повеќе и повисоко место на светската скала на квалитетно образование. Споредено со општиот застој во општествените промени и во образовниот систем на Република Македонија после подолгиот период на владеење на

наследниците на СКМ партијата СДС беше очигледно огромниот застој во образованието. Како резултат на долгиот период на дезинвестирање во образованието главно во времето на самоуправувањето, инфраструктурата во основното образование беше оставена во многу лоша состојба со околу 400 училишни објекти што бараа итно обновување. Во учебникарството владееше монополот на "Просветно дело" кој што со воведувањето на законска можност за конкуренција беше само начнат во 1998 година со овозможување само на многу мал број субјекти да издаваат, или продаваат некои странски учебници. Во носењето на главните одлуки во образовниот систем беа вклучени мал број лица главно од кадарот на поранешната комунистичка номенклатура и од неговата втора генерација. Таквиот реакционерен однос кон општествените промени доведе до тоа во Република Македонија речиси една деценија после почетокот на транзицијата да нема воведено граѓанско образование во училиштата. Покрај тоа не само што немаше воведено религиозно образование, туку со една измена на законите беше забрането религиозното образование во државните училишта што води до парадоксална ситуација затоа што Уставот на Република Македонија не допушта приватни училишта во основното образование. Вклучувањето само на тесен круг на луѓе доведе до изразена нетранспарентност на процесите изразено од големите средства што беа доделувани од странските донатори за реформи во образованието оделе кај мал број на луѓе од споменатиот круг за проекти кои што не дадоа сериозни резултати, заради тоа што не биле насочени преку една осмислена стратегија и многу често биле непотребни, или паралелни едни на други, а во најголем дел завршувале со извештаи, а не со конкретна примена на образовниот систем. Во образованието по природни науки не беше обезбедена современа материјална подлога, а беа и скусени дел од часовите. Со цел да се обезбеди максимално ефикасна употреба на сопствените ресурси и на донациите од страна и најсоодветното вклучување на сите влезови и од други институции во државата во функционирањето на образовниот систем во 1999 година Владата на господинот Љубчо Георгиевски отпочна со подготовка на стратегија за образованието. За тоа обезбеди максимална поддршка од Светска банка и Кралството Холандија. Имено, министерот за развој на Кралството Холандија во 1999 година реши да ги поддржи реформите во образованието што ги спроведуваше Владата во износ од неколку милиони долари годишно, а Светската банка додели гранд од 600 илјади долари за консултантска помош за формулирање на стратегијата и стратегискиот имплементациски план за што беше потпишан договор во декември 1999 година. Кон крајот на 2000 година после сумирањето на мислењето од јавната расправа беше формулиран документ Стратегија за развој на образованието 2001- 2010 година која што содржи 26 јасно дефинирани приоритети со план за имплементација во согласност со сите меѓународни ангажмани и препораки кој што беше усвоен од Владата во февруари 2001 година. Тоа е првиот официјален документ за стратегија со јасно утврдени приоритети и имплементациски план, а беше поддржан од Светска банка YECD. Во рамките на првиот приоритет за обновување на основните училишта околу половината беа обновени до 2002 година благодарение на ефикасната употреба на средствата и концентрирањето на средствата од надворешните извори согласно со приоритетите. Ова го создава првиот услов за квалитетно образование, посебно за сиромашните рурални средини кои што имаат оскудни сопствени извори на средства и кои што се најсилно изложени на сиромаштијата. Со цел да се поддржи позитивниот тренд за раст на опфатот на младите од албанофоната заедница во средното образование обезбедени се средства во износ од околу 4 милиони евра и отпочната е изградба на два големи средношколски центри. Беше воведено граѓанско образование, втор европски јазик во основното образование и факултативно религиозно образование. Реформирано е гимназиското образование во насока на зголемување на индивидуалноста и воведување на стандардна национална матура со која што треба да се елиминира приемниот испит на факултетите. Опремени се средните училишта со современа компјутеризирана опрема за лабораториски вежби како основа за современ пристап кон природните науки. Извршено е институционално зајакнување на Министерството за образование и наука со модернизирана организација и воведување на одделенија за презентација, статистика и анализа и стратегиско планирање. Во Бирото за развој е оформено одделение за оценување кое што треба да го спроведува екстерното оценување во реформираниот систем. Благодарение на преземените активности од Министерството за образование и наука и Владата од страна на Европската унија во 2002 година е прифатено приклучување кон Болоњскиот процес што се официјализира во наредната министерска конференција. Како дел од реализацијата на стратегијата отпочна најголемиот проект во образованието во Република Македонија проектот за модернизација на образованието чија што реализација е поддржана со донација од Холандската влада и кредит од Светската банка зад кој што стои ова Собрание. Тој е голем проект е уште во тек на реализација. Стратегијата ги инкорпорира во себе голем број преземени обврски во согласност со меѓународните договори и документи што се однесуваат на системот на образованието. Таа е направена и се реализира во соработка со повеќето меѓународни чинители и прекинувањето на континуитетот за нејзино спроведување може да доведе со сериозни последици за меѓународниот углед на Република Македонија и процесот на нашето интегрирање во

Европската унија. На внатрешен план тоа ќе ја уништи стабилноста на системот затоа што во иднина секоја власт ќе може да си земе за право да ги отфрла долгорочните заложби на претходните, дури и кога се целосно поддржани од соодветните меѓународни фактори. Поради тоа носењето на документот од типот на предложената програма е не само безпредметно, туку е и многу штетно. Она што треба да го направи во наредниот период Министерството за образование и наука е да продолжи со доследно спроведување на стратегијата од кои што вреди да се истакнат обновувањата на останатите 200 училишта, воведување на национална матура и имплементација на европскиот систем за трансфер на кредити во високото образование. За позначајните меѓународни обврски поврзани со стратегијата за развој на образованието 2001-2010 година можам да ви ги презентирам Договорот за соработка на изработка за документ за стратегијата на образованието со Кралството Холандија кое е потпишано на 24.12.1999. грантот од Јапонската влада во износ од 400 илјади долари за подготовка на стратегијата и со стратегијата е реализирана една од обврските и аранжманот со ММФ. Стратегијата е еден од основните елементи врз основа на кои што беше поднесена апликација на 1 јули 2002 година за приклучување на Република Македонија кон Болоњскиот процес за кое што конечна одлука беше донесена на министерската конференција во септември 2003 година и грантот од Кралството Холандија од 10 милиони долари за реализација на проектот за модернизација на образованието.

Господине заменик министре, во однос на ова што вие го предлагате како национална програма, мислам Предлогот на содржината на оваа национална програма има сигурно многу несогласувања со оваа Програма што ја прикажавме. Можеби да е прифатлива како визија, но не и како програма и како концепт. Ваквата констатација произлегува од причини што она што треба да претходи е подобрување на состојбите со образованието, кои според изнесените податоци во предложената Програма 50% од населението е скоро неписмено. Ова бара реално согледување на состојбите по теркот на европските држави, поради што концептот треба да биде сосема поинаков и да го следи Европскиот терк на организација на Министерството, во смисла на основање можеби и две министерства. Значи, едното министерство она што ќе биде линкот за основното и за средното образование, затоа што се доведовме во една можеби малку поинаква ситуација во 2000-та година, затоа што сега сме сведоци дека образованието, посебно основното и средното преминува во еден дел, каде што ја задолжуваме и ингеренциите ги префрлуваме на локалната самоуправа , но за жал, само ингеренциите. Правата следат со обврските, но без финансиска поткрепа и зајакнување на општините во она што значи нивно осамостојување, а тоа во секоја држава во светот ќе треба да помине доста време за да стигнат тие да одлучуваат по она што е реално и објективно, да можат да планираат што во една единица на локална самоуправа ќе им треба во однос на образованието и како ќе се развиваат тие системи. Мислам дека тука ќе имаме голем проблем, затоа што и ова што сме го направиле досега во текот на образовниот процес, со вашите документи, за кои ќе се обидам барем дел од нив, да презентирам, доаѓаме во ситуација комплетни установи да се затвораат, во комплетни училишта и покрај тоа што еве 4 години, барем во овие 4 години сум сведок, при донесување на Буџетот, посебно за вашето Министерство од година на година има само скратување на средствата. Досега не слушнав нешто да се направи во однос на зголемување на тие средства за формирање на нови училишта и како многу планови што досега сме ги направиле и за кои што говоревме, како што беше Планот и Стратегијата за развој на руралните средини, па и тука тоа го имате предвидено во однос само на еден дел кој ќе се обидам да им го презентирам на граѓаните. Ова за што кажувате, јавната расправа во многу ситуации е дел на луѓе кои сигурно се во образовниот процес, но дека сте стигнале долуѓето кои работат во тие рурални средини и ви ги кажале проблемите, мислам дека многу тешко, затоа што со неколку реченици овде доаѓаме во ситуација да имаме вака напишано нешто што некој ќе го прочита од страна преведено на англиски јазик, ќе дојде во ситуација дека Република Македонија е навистина земја која што се развива во сите области, посебно во оваа, за мене многу важна, во образованието и науката.

Создавањето на еднакви можности за образование на тлото на Република Македонија во идниот период, ќе биде условено со балансирање на разликите кои постојат меѓу урбаните и руралните средини, како и меѓу развиените и неразвиените општини. Особено ќе се внимава на разликите кои се манифестираат во сферата на квалитетот на наставниците, условите за учење , адекватноста на инфраструктурата, расположивоста со соодветниот кадар и физичката достапност на образовните установи. Понатаму, во наредниот пасос не би сакал да го читам целиот, усовршување на постојниот наставен кадар и надминување на проблемите со физичката достапност на образовните установи по пат на воведување на служба за транспорт на учениците. И, сега тука само за овој дел ова што сте го напишале, ако можете да ми објасните во кои урбани и рурални средини во последно време Министерството вложило средства, каде е отворено ново училиште, колку училишта во овие урбани и рурални средини меѓувреме се затворени, колку од овие ученици треба да се пренесуваат во градските средини, каде што верувајте ми од разговорите што ги имав во основното образование во Битола претставуваат

проблем, затоа што тие деца се врзани за транспорт.

Ова што го кажувате на крајот дека воведувањето на служба за транспорт на учениците во моментот оние претпријатија, дали се тоа приватни или државни, кои што ги превезувале учениците, веќе го откажуваат сето тоа, затоа што години station наназад не им е исплатено ништо од Министерството за образование и проблем ќе бидат учениците, кои што не ќе можат да бидат однесени во училиштата и како тие ќе го продолжат понатаму нивното образование. Но, вие со ова што го напишавте, мислам дека секој што ќе прочита доаѓа во ситуација да верува во ова што го гледа.

Понатаму, во однос на комплетирањето на она што значи изедначување на квалитетот икритериумот на наставниците во руралните средини и она што е останато или она што е, да кажам, работи во градските средини за некои минимални средства и кога вие некој денес ќе го пуштите во рурална средина кој после 1945 година, нема пат да се стигне до него, после првиот снег, еве за жал и после три месеци од снегот, некои места во Кратово и Крива Паланка сеуште се недостапни, затоа што не може да се исчисти снегот, а ние тука говориме за квалитетно образование, пуштање на наставници во овие рурални средини и дека тие ќе направат нешто што ќе биде комплетна промена во образованието.

Од друга страна, на страница 25 "пренесување на одговорноста за основање на основните и средните училишта на локалните власти", што подразбира дека тие ќе бидат сопственици на училишниот имот, ќе ги дефинираат годишните финансиски планови на училиштата и ќе ги усвојуваат годишните завршни сметки, ќе влијаат на изборот на училишните директори преку свои претставници во училишните одбори, ќе го назначуваат избраниот кандидат и со текот на времето ќе бидат одговорни за училишната мрежа. Тоа значи дека тие ќе имаат право да ги отвораат и да ги затвораат училиштата. Е, сега, во оваа ситуација во која што се наоѓа оваа локална власт, мислам дека освен ова второто да затвораат, тешко ќе дојдеме до ситуација да имаме отворање на нови училишта, затоа што видовте во која ситуација бевте вие како Министерство оваа зима, кога единиците на локална самоуправа, барем во поголемиот дел не можеа да обезбедат ни греење. Да не говорам за ова што кажуваше мојот претходен колега за тоа кога последен пат е измалтерено, кога е бојадисано, кога е променета инсталацијата, па почна и во градските средини да горат училиштата, а селските средини одкако е формирано тоа некаде во оној почетен дух на социјализмот до 50-тите години се што се формира, од тогаш и ништо не е променето.

Понатаму, страна 27 каде што државата, ги кажувате приоритетите, во таа смисла една од приоритетните цели на државата во наредниот период ќе биде создавање на ефективна мрежа на даватели на образовни, културни и спортско-рекреативни услови како предуслов за развој на општините во државата. Сега, вие имавте можност, не само вие како Министерство, мислам комплетно Владата, имаше спортски сали кои беа почнати да се градат и 4 години апсолутно никој понатаму не постави ни една тула, ниту пак некоја од нив затвори, а беа при крај. Зошто? За да се покаже дека тоа било правено во времето на ВМРО-ДПМНЕ, во времето кога премиер беше Љубчо Георгиевски и дека тоа не било исправно. Јас ќе ви кажам една работа, тие сали сега да беа готови, вие ќе го имавте успехот пред 2006 година и ќе можевте да кажете дека тие се завршени. Тие сали не можеше да ги заврши ниту Владата на Република Македонија во овие 4 години на тројцата премиери, едноставно можеа да бидат доделени на луѓе кои ќе спонзорираат и ќе финансираат, едноставно ќе ги довршеа овие објекти и со тоа ќе имавме можност ова што тука државата кажувате дека ќе интервенира, барем во спортот ќе имавме спортски сали во кои што младите ќе рекреираат, а не спортски сали кои што во текот на учебната година паѓа кровот и цела среќа што немаме повредени и да не даде господ и нешто полошо од сето тоа.

Мислам дека тука е големината и стратегијата. Стратегијата се гради не од денес за утре, туку се гради за години нанапред. Сега ќе ви кажам, еве случајно пред мене денес го прочитав весникот ВРЕМЕ, каде што се кажува дека многу скоро ако продолжи сето ова вака, Република Македонија ќе остане без Факултет за физичка култура. Затоа што, долговите на Факултетот за физичка култура се огромни кон спортската сала, кон базените итн, така што ако е ова во стратегијата влезено да немаме некои факултети, а меѓувреме вие самите тука на многу седници на Собранието кажувате дека образованието се развива, отворени се нови универзитети и не знам уште колку други ќе се отворат, колку приватни, колку државни, затоа што тенденцијата оди во таа насока. Се надевам дека квалитетот ќе успееме да го задоволиме, бидејќи и тогаш и сега кажав дека еден град, како што е Тетово во моментот да има два универзитети, мислам дека многу поголеми градови со милиони луѓе таква работа немаат, мислам таква концентрација на интелект е невидена. Имаше можност сето тоа да се реши и да се најде начин како сето тоа да изгледа, но вие го пронајдовте овој начин. Прво, почнавте со Охридскиот договор, па со многу други ситуации, кои апсолутно не беа во контекст на она што вие како стратегија требаше да се придржувате. Но, сега ова е некоја нова стратегија, вие ја предлагате и сигурно ќе започне после изборите, ако некој ја прифати, а се надевам дека и после вас ќе дојде некој што ќе направи јавна расправа, што ќе повика, ако вие сте ги повикале сега 200 професори, ќе повика 500 други професори и тие ќе бидат најповикани, ќе направат нова стратегија и таа ќе почне од 2009 година и ќе трае до завршувањето на наредните избори во 2010 година и се така во недоглед, стратегија од една

година. Значи, тоа ни се случува на сите полиња и тука ја гледам неодговорноста и на оваа и на сите влади, затоа што кажав, можеби секој греши, но делот каде што има грешка дајте да го извадиме тука пред сите да можеме да кажеме дека ова е добро, ова е тоа што нечини и тоа да го поправаме. Не секогаш да одиме во старт амблок дека ништо нечини, дека ние сме најпаметните, со нас почнува се и со нас ќе заврши се. Тука, мислам дека јас ќе завршам, оставам на Министерството, имаше многу доволно време, но сметам дека имаше многу проблеми во нивното работење и меѓусебното функционирање. Затоа и оваа национална Програма ја гледам од тој аспект. Се надевам дека како Министерство, како министер, заменик министер и комплетно Министерство во сите годишни буџети кои што беа носени во Република Македонија дека ќе покажете нешто повеќе, барем јавно да го искажете својот револт во она што ви беше доделувано како средства за понатамошно продолжување на работењето, но тоа не се случи. Сега, поради тоа еве ја таа ситуација во која што се га сите се најдовме, а тоа е вашата предложена нова стратегија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Герамитчиоски имате три минути реплика. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван пратеник Мавровски, дозволете да дообјаснам, бидејќи во воведното излагање сметамв дека е потребно да се дадат основните правци зошто ова се прави.

Ќе почнам од крајот на вашето излагање. Ова е Национална програма. Значи, треба сите да застанеме зад неа. Македонија неможе повеќе да си дозволи луксуз како политичката гарнитура се променува, така и се носат нови стратегии. Вашиот говор, поголемиот дел од него, на излагањата на поранешниот министер Новковски кој што ги одржа на една ПРЕС конференција ги препознав и дозволете едно дообјаснување во тој дел. Значи, оваа книшка која што е донесена во времето на министерот Новковски Стратегија за развој на образованието 2001-2010 од околу 20-тина странички никој не ја негира. Напротив, разликата помеѓу Националната програма и оваа книшка е огромна. Дел од нејзе е инкорпорира, вграден во таа Национална програма, бидејќи мора да постои континуитет и треба да постои континуитет. Ние се залагаме за постоење на континуитет. Затоа на крајот на нашиот мандат ги даваме нашите опсервации и искуства и идни чекори кои што треба да се прават во идните 10 години. Ова не е света библија, ова е предмет за постојано надоградување, надополнување со современите трендови и процеси кои што се одвиваат во Европа. Во оваа книшка има залагања за одредени процеси дадени во некоја рамка. Пред се, она што го кажавте за високото образование е неточно, бидејќи оваа книшка не се занимава со високото образование. Нема ни збор за високото образование и содржи неколку збора за основното и средното образование и рамка на идни активности. Зошто неможе да се направи споредба. Од прости причини. Во оваа Национална програма, во секој програмски документ се дадени суштински промени и реформски зафати. Зошто е 2005-2015, а зошто сега сме 2006. Затоа што, почитуван пратеник, започнати се реформските процеси. Утре официјално се отвора Државниот испитен центар за спроведување на државната матура во 2007 година. За ваша илустрација во 2002 година, кога дојдовме во Министерството имавме пред себе негативен извештај од Светската банка за земениот кредит од 6.000.000 долари кој што го посочивте, а не се направени ни чекор зафати во спроведување на проектот наречен државна матура. Го отпочнавме од почеток и бидејќи е сложен и комплициран процес во кој што поголемиот дел на европски земји внимателно настапувале како чекор по чекор ќе го имплементираат, ние дојдовме до блескави оценки за нашиот концепт, за нашата стратегија и од 2007 година официјално стартува. Сега сме среде пилотирањето кое што успешно се одвива и сите досегашни резултати се одлични. Тоа значи дека во 2007 година можеби некоја друга гарнитура во рамките на потребите за воспоставување на еднаков процес со европските стандарди, ќе мора ова да го продолжи. Затоа, инсистиравме Собранието да застане зад ваква национална програма, за да постои континуитет во Македонија. Не оваа или онаа, туку политичка гарнитура да носи нови закони, нови измени, нови процеси. Мора да постои континуитет за доброто на Македонија. Ако сакаме да бидеме членка на Европското семејство, ние мора да ги прифатиме нивните норми и стандарди, однесувања и во реформските зафати кои што се надеваме дека интензивно ќе продолжат и на наредната Влада, од наредната гарнитура на Министерството, тоа ќе се спроведе.

Конкретните реформски зафати, да биде појасно, внесуваме од 1 септември оваа година деветогодишно задолжително образование. Тоа е страшен исчекор напред. Воведуваме систем на ефективно училиште кое што во себе содржи огромен број на реформи во делот на основното образование.

Во делот на информатичката поддршка, направивме чекор од 7 милји, виситна, со помош од меѓународниот фактор. Но, меѓународниот фактор препознава да имате визии и идеи имплементирани во реални проекти, кои што ние ги преточивме на хартија, ги дадовме на нивна ревизија и на тие реални проекти ги дадоа своите средства.

Го спомнавте проектот на Светската банка. Вистина е дека за проектот на модернизација на образованието го зеде оваа Влада, се задолжи 10 милиони од грантот од холандската влада го земавме и ние, но условено со точна програма, точен проект како ќе се трошат средствата наменети за грантовите на училиштата. Тој проект е успешно имплементиран на веќе 82 училишта, а

до 2007 година ќе се имплементира на преостанатите училишта од образовната мрежа.

Во тој проект од 30 до 50 илјади долари грантови кој што ќе биде даден на секое училиште во зависност од неговата големина е предвидено 40% училиштето преточено во проект да каже на кој начин ќе го троши за инфраструктурна надградба. 30% за опрема и 30% за едукација односно тренинг на наставниците за новите методи и форми на предавање.

Во средното образование се направени огромни исчекори напред. Усогласена е легислативата и имаме 14 образовни струки и 42 образовни профили, она кое што во поголемиот дел на европски земји сега постои. Отворени се патишта за признавање на дипломите на нашите средношколци во сите европски земји.

Отворени се 40, ФАРЕ програмата која што е започната во средните стручни училишта во 1999 година е имплементирана на сите средни и стручни училишта во кои што компонентата на практичната обука е силно изразена. Отворени се 42 реални компании и 14 виртуелни компании во кои што учениците преку Саемот кој што минатата недела се одржа на Скопското сајмиште докажаа и покажаа дека ова ефективно се спровело преку резултатите од нивното работење во реалните и виртуелните компании. Оценките за овие реформски зафати се одлични. Значи, веќе се спроведуваат.

Имплементацијата на државната матура веќе ја соопштив, таа е неминовност, и во 2007 година успешно ќе стартува убеден сум.

За високото образование Болонската декларација се потпиша во 2003 година и носи огромни предизвици за високото образование. Потребно е да се имплементира двоциклусниот односно троциклусниот систем со докторските студии. Потребно е да се имплементира кредит трансфер системот кој што поголем дел на високо образовните институции успешно го имплементира. Потребно е да се востанови диплома Саплемент и тоа успешно е преточено во предлог-документ кој што од Советот на Европа доби позитивни оценки.

Потребно е воспоставување на силна мобилност на студентите и професорскиот кадар. Тоа се воспоставува. Постојат проблеми, но за ваше сознание, постојат проблеми кај најголемиот дел на европските развиени земји кои што ја имплементираат Болонската декларација иако имаат многугодишни, вековни традиции на нивните универзитети. Тие проблеми свесни сме дека час поскоро треба да ги надминеме и од тие причини измените и дополнувањата на законот за високо образование кои што добија верификација во Владата на минатата седница се доставени до Собранието. Не знам дали ќе има време да се разгледуваат, но стои како документ кој што го презема Парламентот на идно негово разгледување.

За да се спроведуваат овие реформи, да не стојат на хартија потребно е директните учесници директно да бидат мобилизирани. Тоа се учениците, тоа се наставниците.

Во програмскиот документ на нивниот кариерен развој за првпат разграничување 4 категории, категоризации на наставници.

Заговараме да се формира комора на просветните работници за да се избегне можна политизација во овој процес на оценување на нивните квалитети и напредување во кариерата. Тоа еснафот да го утврдува преку нормативи и стандарди кои што ќе ги утврди на тие комисии.

Во кариерниот развој предвидуваме на кој начин наставниците ќе се унапредуваат со законска обврска, но и со сопствена, лична желба. Имплементацијата не е само на хартија. Само да ви кажам пример. Во рамките на СЕА-проектот беа едуцирани околу 7000 наставници во средното образование за почетна и напредна информатичка наобразба. Во моментов започнува едукација на 7000 наставници во основното образование со помош на САД, во кои што се даваат не само основите на информатичката наобразба, туку уште повеќе нови методи и форми за предучилишното и за основното образование преку соодветни софтвери кои што се имплементираат во новиот модел на образование во основното образование. Значи, новите курикуларни содржини кои што се предмет на третирање во програмата.

Во проектот на контрола на квалитетот кажав дека утре свечено и јас ве поканувам во 11,00 часот, свечено ќе биде пуштен во употреба од страна на премиерот новиот државен испитен центар кој ќе биде нова институционална форма за контрола на квалитетот на образовниот процес во сите сегменти. Не само за имплементација на државната матура, туку уште повеќе екстерна евалуација на квалитетот. Во тој програмски документ внесовме три форми на евалуација.

Сопствена евалуација, само евалуација на училиштето во кое што преку проектот за модернизација на образованието е воведен еден мануел прирачник со поддршка на странски експерти во кој што училиштето преку целата година ќе се оценува во 10 сегменти. Самите себеси ќе се оценуваат за состојбите и успешноста на спроведување на квалитетот на образовниот процес во самото училиште.

Државниот просветен инспекторат ќе врши периодична, 3-месечна, но и по порачка форма на инспекторирање односно евалуација на процесот преку целата година преку периодичниот и годишниот план на нивните активности.

Третата форма, екстерната евалуација која што ќе се спроведува мешано. Преку Државниот испитен центар, но и преку воведување на меѓународна експертиза на правилно реализирање на реформските зафати во делот на основното, во делот на средното и во делот на високото образование.

Ние овие форми веќе ги практикуваме. Во високото образование за првпат имаше екстерна евалуација на состојбите кај универзитетот преку ангажманот на европската ректорска управа од Германија. Резултатите се преточени во една книга која што е достапна за јавноста и ќе можат да се видат сите слабости. Од слабости не треба да се бега. Потребно е да добиеме реална оценка за состојбите за да можеме сите заедно и за што пократок временски период да го изнајдеме лекот за отстранување на тие проблеми и одење напред.

Во делот на програмскиот документ за примена на информатичката технологија во образованието почитуван пратеник, мислам дека пред воопшто да се започне со некој реформски зафат, бевме на самото дно на балканските простори. Навистина со помош на Кинеската Влада најнапред добивме 4000 компјутери за во средното образование и 4000 компјутери во основното образование. Со помош на САД направивме корекција и двегодишен бесплатен интернет свесни дека се уште сме на почетокот. Затоа започнавме едукација на наставниот кадар во онаа форма која што ви ја кажав.

Вистина е дека добивме помош од меѓународните институции но веќе ви кажав помош се добива на реални проекти кои што ќе ги дадете, во кои што ќе ги препознаат визијата, мисијата и целите на тој проект за да можат да бидат дадени средствата и секако отворена можност за постојано следење и евалуирање на реализацијата на тој проект.

Ние во тој програмски документ доколку имавте можност внимателно да го прочитате амбициозно тргнавме напред во имплементација на информатичкото општество во образовниот процес за пократок период. Ќе потенцирам, нашите намери беа добри, се надеваме дека и идната влада уште пожестоко ќе тргне напред во реализација на овие заложби. Значи, јас ќе потенцирам повторно национална програма, а не партиска програма. Национална програма зад која што треба да застанеме сите ние заедно. Не мислиме дека нешто почнува и завршува од нас. Не, сите досегашни работи кои што биле направени во врска со стратегија, статешки документи се имплементирани во програмските документи на националната програма. Имплементирани се, ставени се, па и оваа книшка од претходниот министер Новковски. Ние не негираме дека и тој имал добри заложби. Сметавме дека се недоволни во тој сегмент и оние заложби кои што соодветствувале на тоа време, а соодвествуваат и на ова време сме ги ставиле односно експертите оцениле и процениле дека во овие нови реални моменти е потребно да се направат напори да се развие тој дел.

За првпат Република Македонија воведува јазично портфолио. Значи, јазичен пасош за секој ученик во основното и во средното образование. Ова е проект кој што Советот на Европа го започнал, јас бев член на Управниот одбор во Советот на Европа, одев и молев да бидеме вклучени како држава бидејќи сме го пропуштиле возот во еден временски период. Тоа ни беше овозможено засега да добиеме оценки дека најнапред сме отишле во имплементација на тој проект во нашите програмски документи. Значи, во програмскиот документ за јазично портфолио разработен е тој јазичен пасош во кој што ученикот ќе може самиот да прави сопствена евалуација на своите вештини, знаења и компетенции на познавање на странскиот јазик, но истовремено и од страна на наставникот да бидат евалуирани, оценувани, проценувани неговите знаења и вештини. Се разбира дека постојат околу 64 нивоа на знаења и предзнаења кои што се детално опишани во упатството за да може наставникот да го оценува правилно за да може тој јазичен пасош да биде признаен во било која европска земја за компетенции и знаења, и екстерната евалуација преку ТОТЛ, или другите форми на тестирање на знаењата на ученикот да може да одиме напред и во тој сегмент.

И уште повеќе, завршивме посебно, но не и конечно со најновиот реформски зафат. Тоа е воспоставување на стратегија за образование на возрасни во контекст на доживотното учење. Она кое што фалеше како програмски документ и уште повеќе по законска форма веќе се разработува и во законот за средно и посредно образование кој што во втора фаза ќе биде доставен пред Парламентот. Значи, владината процедура веќе ја помина како втора фаза и се разбира дека вие почитувани пратеници ќе имате прилика да разговарате на овој дел уште повеќе.

Ние сфативме дека ова треба да биде програма која што ќе содржи 10-тина стратегии заради основната цел - да се направи интегриран систем на образование во кој што сите степени ќе бидат како логични подцелини вклучени континуирано и поврзани една со друга во една логична целина во кој што не ќе може секој сам за себе да функционира и за да се отстранат оние вечни дилеми. Зошто имаме слаб квалитет во високото образование? Затоа што слаб е квалитетот во средното образование.

Зошто е тоа така? Затоа што во основното обраозвание одамна се испуштени концитe, затоа што квалитетот на образованието е слаб. И за првпат воведуваме наставен план и програма во предучилишното образование од 2 до 6-годишна возраст. Онаа целна група која што во европските земји исклучително е важна, а кај нас досега била маргинализирана заради социо-економските реални состојби кои што се во Република Македонија и ние како програмски документ го утврдивме.

Јас се извинувам што бев поопширен, но сакав повеќе да објаснам за да нема некои дилеми, а стојам на располагање за секој програмски документ и подетално да објаснувам

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Објавувам пауза, бидејќи имам обврски, 10 минути пред времето утврдено.

Во 15,00 часот ве молам да бидеме точни. Има најавено за реплика.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 13,50 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,01 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Три минути реплика пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван заменик министре, ќе беше многу добро вашето излагање во вид на реплика, што го кажавте сега, да беше на почетокот. Така ќе имав можност да разговараме повеќе за оваа програма.

Јас сега ќе се обидам во кратки црти, од она што го кажавте, да издвојам нешто што остава дилема и понатаму и ќе остане затоа што во вашиот говор кажувате сега започнува, утре не каните, ќе се отвори тоа. Говориме за информатичка програма и информатичка технологија која се движи со 7 милји, но за жал светот се движи со 77 милји затоа што информатичката технологија во моментот е нешто што во сите образовни процеси секаде во светот е прва и единствена, а вие кажувате дека во овој момент ќе почнете со наставниците и образовниот кадар, 7.000 луѓе, почетна обука. Кога тие луѓе ќе бидат подготвени за овој информатички бум што се случува во светот, ќе покаже само времето. Мислам прво треба да ги обучите професорите и наставниците, па да стигнат тие да обучуваат некого што во овој момент, за среќа, се случува многу од тие ученици кои со самото доаѓање се поподготвени и од професорите. Велите сите да застанеме зад таа програма и токму јас на тоа ве повикав. Матурата стартува во 2007 година, а вие викате дека претходната Влада не успеала, со една стратегија што ја имавте пред вас, донесена 2001 до 2002 година да стартува, а сега за вас е успех тоа што од 2002 година, некоја друга Влада во 2007 година ќе стартува со матурата и кажувате дека тоа е голем успех. Значи вас ви требаат пет години, а на некого не му давате можност во таа година дена и тоа во време во војна, да ја заврши и да кажете дека тоа е успех или неуспех.

Во однос на високото образование, што не е спомнато во таа програма, а мислам дека високото образование беше една независна институција која требаше да гради сопствен систем. Тука не бевте вие, беше вашиот министер, расправавме две недели, го повлековте законот за Тетовскиот универзитет и на крајот рековме дека евалуацијата што ќе дојде од факултетскиот совет дека е тој што ќе биде важен да се отвори еден факултет, да каже дали има простор, колку факултети ќе бидат отворени, дали има професори, дали има услови за работа и многу брзо се покажа дека сето тоа што го говоревме е вистина. Се отворија факултети кои сега работат во Скопје. Мислам дека има многу простор за дискусија и за анализирање на проблемите. Токму поради тоа ќе треба да си го завршам правото да се јавам уште еднаш.

**Слободан Најдовси:** Една минута контра реплика за заменик министерот за образование, Тале Герамичиоски.

**Тале Герамичиоски:** Почитуван потпретседателе, јас би ги користел овие укажувања на пратениците не во функција да се расправаме што било во минатото, како било и кој колку направил и како направил, од кои причини не се направило. Јас би сакал да ги користам овие реплики или контра реплики, како можност за дообјаснување на навистина обемната програма за да можат пратениците да добијат поцелосна слика и јавноста да добије поцелосна слика за колку важен прогрмски документ расправа Собранието и се надевам дека ќе го изгласа. А да расправаме зошто во минатото не се направила матурата, во овој момент е депласирано.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине заменик министре.

Три минути реплика за господинот Фатмир Хасани.

**Фатмир Хасани:** Благодарам потпретседателе.

Кога сме кај државната матура која се очекува утре да ја промовира министерот за образование, би сакал да кажам неколку збора што мислам дека е задолжително тој да ги има предвид.

Значи, државната матура е добра затоа што донесува стандардизација на проценката, што значи дека најголемата достигната оценка во некое училиште во главнит град и оценката од некое училиште од некоја општина која е поодалечена, да речеме во провинција, би одразила исто ниво на знаење и на способности. Меѓутоа, испитите на државната матура никогаш не може да се одвиваат на ист начин во Скопле и во другите градови затоа што условите не се исти. За жал, условите по многу општини и делови надвор од главниот град, се катастрофални, администрацијата на процесот и евалуацијата не е рамномерна. Државната матура наместо да ги нивелизира стандардите, таа ќе произведе спротивни ефекти. Во време кога многу училишта немаат ниту покрив на објектите, а за кабинети воопшто не може ни да се зборува, тогаш се поставува прашање за каква државна матура се говори. Се знае, за да имаме квалитетно образование треба и условите да бидат исти, како во Куманово на пример, така и во Скопје, кога се знае дека некои училишта се опремени со компјутери, хемиска лабараторија, биолошка лабараторија и кабинет по физика, а во некои училишта во градови во внатрешноста, воопшто учениците не ни дознале, ниту знаат дека државната матура ќе биде иста за сите, која матура ќе им овозможи на нив упис на факултетите, без никакви проблеми. Така што, ќе се случи некои многу талентирани ученици, поради нерамномерните и нерамноправните услови во училиштата, тие да не можат да добијат добри оценки од испитот по државната матура и

не ќе може да се упишат на соодветните факултети. Добро би било да се нивелираат сите училишта да имаат рамноправни услови за образование, а потоа да се стартува со државна матура. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за заменик министерот за образование, господинот Тале Герамичиоски.

**Тале Герамичиоски:** Токму од овие причини за кои почитуваниот пратеник зборуваше многу внимателно е пристапено кон градење на концепцијата односно имплементацијата на државната матура која стартува во 2007 година. Тоа претпоставува, за првата 2007 година екстермното испитување да се изведува само по предметот мајчин јазик и еден предмет математика или странски јазик, по избор на ученикот, додека за таа учебна година другите предмети кои се дефинирани во концепцијата, ќе се изведуваат интерно заради специфичните услови кои ги имаат различни училишта. Во наредната 2008 се додаваат екстерно уште два нови предмети, во третата уште два нови предмети. Значи, постепено внесување на ексермноста во оценувањето, еден од предусловите за успешно реализирање на матурата до 2010 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам заменик министер.

Три минути реплика за господинот Исмет Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Благодарам потпретседателе.

Јас го почитувам трудот и работата што го вложила екипата за Националната програма за развој на образованието на Република Македонија за 2005-2015 година, но, би порачал до Министерството за образование, до заменикот министер и до министерот, во нивните говори колку што можат пред пратениците да бидат малку пореални и во сегменти да алармираат повеќе, бидејќи и покрај тоа состојбата во областа на образованието не е задоволителна воопшто, бидејќи, доколку го прочиташ текстот и ако го споредиме со говорот на заменик министерот од пред пет минути, излегува дека не е тоа посебно што се јавува во квадратите на овој документ каде во сите сегменти на нас ни се јавуваат слабости кои треба да се алармираат, во однос на образованието.

Ние треба да го имаме предвид фактот, ако направиме споредба, како амбиент, училиште и други установи, училиштето со својата средина, дворот и внатрешноста е установата која е запоставена повеќе и тоа со години. Затоа треба да се формира една управувачка екипа која ќе создаде услови. Ние многу лесно пишуваме и правиме споредби со Болоњската декларација и се друго. Треба да ги следиме светските трендови. Овој Парламент ми овозможи да го шетам светот и во многу помалку развиени земји од Македонија, во Африка или Азија или на други места и неколку пати сум повторувал дека училиштето е установата со најдобра средина, за разлика од другите институции. Но, ние тоа се уште не сме го оствариле. Јас ќе ви илустрирам дека многу земји инспекциите ги спречуваат училиштата да работат поради тешките услови. И оваа амбициозна програма, во овие услови и состојби и на овој начин на управување со училиштата е еден голем проблем, училиштата во Чаир, во Никуштак, но и во Источна Македонија. Можеби е време да ни се прикаже еден документарен филм на нас пратениците, иако сега е доцна, но на другиот парламентарен состав, како некогаш што го направи Министерството за култура, да видиме нашите училишта со какви проблеми се срекаваат и во каква состојба се наоѓаат за да се оствари оваа амбициозна програма.

Би му порачал на претставникот на Министерството, заменик министерот за образование, во поделбата на Буџетот, кога сите министри прават максимални заложби за да добијат средства за своето министерство, што повеќе да бидат одлучни за средствата за образованието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за министерот за образование и наука, господинот Герамичиоски.

**Тале Герамичиоски:** Почитуван пратенк, една од целите на оваа Национална праграма е да го сврти вниманието на јавноста за слабостите и алармантните состојби кои посотјат во образовниот систем во Република Македонија, бидејќи сите Европски држави силно насотјуваат да инвестираат што повеќе во образованието, нашата цел е преку отсликување на состојбите на пооделни сегменти кои се дефинирани во програмата. Не да ги задскриеме, туку да ги потенцираме и да дадеме можни решенија кои во иднина можат и да се модифицираат и да се најдат подобри решенија. Значи, главната поента, меѓу другото на оваа програма е и тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму со дискусија.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам, потпретседателе.

Очигледно е дека оваа дискусија уште еднаш покажува дека образованието секогаш е актуелна тема и секогаш може многу да се зборува за него, особено заради тоа што сме свесни за сите проблеми и за целокупната важност на она што се случува во образовниот процес и какви последици може да има тоа во секојдневниот живот, меѓутоа и во однос на состојбите во државата.

Постојано, особено во овој мандат, зборуваме и сме преокупирани за достигнување на една наша национална цел, а тоа е станување членка на Европската унија. Во таа смисла не смееме да заборавиме дека такви обврски имаме и при усогласување на одредени законски норми, кога станува збор за образованието. Меѓутоа, да не заборавиме дека образованието е една од

можностите преку која можеме најбрзо и први да навлеземе и да функционираме по оној систем што се нарекува Европска унија. Функционирањето на Европската унија се базира на продукцијата на знаење и знаење како способности. Ние како одраз на нашата цел да станеме членка на Еворпската унија, треба да направиме се, нашиот образовен систем да го трансформираме за да може да продуцира кадри кои ќе бидат како продукт на тој образовен систем и ќе знаат како да се снајдат на пазарот на трудот и ќе знаат добро да ги користат вештините што ќе ги добијат за време на тој образовен процес. Меѓутоа, целите во таа смисла мора да бидат сигурни, мора да бидат јасно дефинирани, во смисла на тоа да не зависат од тоа која гарнитура е на власт, да не зависат од тоа кој министер го води Министерството за образование и наука, да зависат од нешто што се вика Национален концепт, или Национален концензус, кога станува збор за тоа што би сакале да постигнеме во образованието, или уште подобро што би сакале да имаме како продукт, на крајот од образовниот процес. Квалитетното образование е клучен фактор за развој на секоја држава, меѓутоа и клучен фактор за развој на секоја личност, што некако е меѓусебно поврзано. Она што се бара, всушност е образование кое ќе одговара на предизвиците на новото време, да одговори на потребите на пазарот на трудот, да создава услови за компетитивност, за социјална кохезија, за градење на вештини и за можности за слободно движење, или за флексибилна работна сила.

Она што многу пати до сега сме го дискутирале во различни прилики, по различни поводи, без разлика дали станувало збор за измени во закони за основно и средно образование, или по други поводи, секогаш сум истакнувала дека инвестицијата во образованието е најсигурна и најисплатлива. Никогаш не можете да кажете дека е тоа инвестиција со ризик, туку напротив секогаш исплатлива и како фитбек се враќа, особено ако имате тешка економска ситуација во државата и кога развојот на образованието треба да придонесе за развој на економската ситуација во државата.

До сега квалитетот на образованието, особено на тоа што ни го дава како продукт, единствено сме го проценувале преку оценките. Колку е тоа реално, дали е тоа доволно, мислам дека тука сите ќе се согласиме, без разлика на партиската припадност, дека не е ниту реално, ниту дека пак е доволно, имајќи ја предвид севкупната состојба во образовниот процес, имајќи во предвид дека имаме традиционален начин на изведување на наставата, традиционален начин на оценување, без разлика дали писмено или усмено, традиционален начин на проверка на квалитетот, фактографско барање за презентирање на она што е научено и логично е дека во таков случај нашите ученици ќе покажуваат слаби резултати за во случај кога треба да покажат умешност во примената на знаењето што го поседуваат.

Токму затоа мислев дека ќе собереме храброст, барем кога станува збор за расправа по Национална програма за развој на образованието, барем малку да се одделиме од тоа што се вика секојдневие и актуелна состојба во образованието и да продискутираме повеќе за тоа какви мерки ни се предлагаат во Нацоналната програма и во посебните програми и дали се тоа мерки што ќе ни овозможат во догледен период, со оглед на тоа што за некој од нив е потребно подолго време, дали ќе ни овозможат достигнување на токму овие цени за кои што и во расправите до сега и на Комисијата за образование, наука и спорт сме се согласиле дека тоа е она што сме сакале да го постигнеме во образованието.

За разлика од некои мои колеги, сметам дека она што ни е нам понудено претставува визија за развој на образованието, дава одговор на сите проблеми со кои се соочуваме денеска, имајќи предвид дека во рамките и на основниот документ и на секоја од потпрограмите поединечно се набележани и даваат, прво, реален приказ на моменталната состојба, а подоцна и одговор и решенија на тоа како да се надмине моменталната состојба и што понатаму би требало да се направи во смисла на развој и на одредени усовршувања.

До сега сме направиле многу. Зборуваше и заменикот министер. Во многу законски решенија во основното и средното образование сме имплементирале дел од она што е дадено во Националната програма, почнувајќи од деветолетката, задолжителната, во основното образование како одговор на многу малиот број деца кои се опфатени во образованието на таа возраст, како одговор на една загрижувачка бројка на млади кои се неписмени, неопфатени со основното образование, значи мерка што во суштина би требало да го зголеми бројот на опфатени деца во основното образование.

За, понатаму, да зборуваме и зборувавме кај средното образование кога ги правевме измените за концепцијата за матура, каква ќе биде, кои ќе бидат нејзините импликации, што таа ќе овозможи на нашите ученици, затоа што, во суштина, она што е важно за оваа национална програма и останатите потпрограми е дека дава и овозможува континуитет во реформите, почнувајќи од предучилишното, основното, средното и на крај, завршувајќи со високото образование и образованието за возрасни. А, ние не можеме да зборуваме дека ќе бидеме задоволни од реформите, доколку ги разгледуваме секоја сепаратно, доколку од овие групи на стручњаци, само ја пишувале програмата за својата категорија, но немајќи ги во предвид претпоставките, предлозите и идеите на останатите групи, затоа што во тој случај мислам дека немаше да ја добие ниту нашата поддршка, затоа што тоа, во суштина ќе беше погрешен пристап на изготвување на ваква национална програма.

Нема реформи без континуитет во рформите.

Второ, нема реформи без институционални реформи.

И она што го предвидува делот на Програмата за развој, за институционалниот развој, веќе во еден добар дел го направивме, носејќи ги законите за Бирото за развој на образованието, и за државниот просветен инспекторат. Тоа беа две клучни институции во образованието. Едната, што имаше улога во усовршување на наставниот кадар, во предлагање на наставните планови и програми и контрола на квалитетот, а другата во контролата на квалитетот, па имаше преклопување на нивните ингеренции и реално создавање на проблем во функционирањето. Практично, тоа произведе неефикасност во она што требаше да го постигнат како такви институции. Добро е што тоа го направивме брзо, добро е што и во ингеренциите и на Бирото за развој и на Просветниот инспекторат, па веќе имаме ингереници што не се преклопуваат. Имаме две професионални институции што можат да одолеат на оние предизвици што се поставени пред нив, имајќи во предвид сепак, дека сеуште има потреба од докомплетирање на овие две институции со кадар што ќе може да одговори на потребните предизвици со кои што досегашниот кадар што е веќе вработен, или е премалку броен, или е несоодветен за да имплементира одредени прашања што се предвидени, вклучително и во овие нацрт-програми за развој на образованието.

И, наместо да зборуваме за тоа, наеднаш се најдовме во ситуација да зборуваме постои ли некаква друга стретегија или не, кој што направил и како направил. Јас, еве нема да бегам од тоа и покрај тоа што сум вовлечена во таква дискусија, меѓутоа во интерес на вистината мислам дека треба да се укаже на некои вистини, на некои факти.

За прв пат, Собранието е во позиција да дискутира за Национална програма за развој на образованието. Во многу наврати до сега со луѓе од образованието ми било предочувано дека, доколку Парламентот има поголема улога во креирањето на стратегиите, во програмите на образованието, тогаш дека сигурно ни е загарантиран успехот. Сигурно, нема да бидат подложени ниту реформите, ниту стратегиите што се предлагаат на политички влијанија, зависно од гарнитурата што е на власт и дека ефектот ќе биде многу поголем со оглед на тоа што, имајќи предвид ако се усвои со консензус, дека тоа ќе биде обврзувачко за сите..

За прв пат имаме национална програма за која што се дебатира можеби повеќе од една година, каде беа поканети сите политички партии, сите политички субјекти, беа поканувани од невладините организации, образовни институции надвор од политиката и за прв пат имаме национална програма за која што никој не може да каже дека немал удел или немал можност на учество во нејзиното креирање што е многу важно. Националната програма беше достапна и на веб страницата на Министерството, беше можно да се испраќаат забелешки и по електронска пошта, така што можете да замислите колкав е напорот на сите оние кои учествувале во овој основен текст и останатите програми, имајќи предвид дека секој од вас, јас сум убедена, дека има индивидуален концепт за тоа како би требало да се развива образованието во Македонија. Или, што би требало да постигне. Или, кои се приоритетите за решавање во овој момент. Навистина е многу тешко од толку индивидуални концепти вие да направите еден заеднички, што ќе ги интегрира сите и за кој што, на крај, сите ќе речат дека - добро, можеме да се согласиме дека ова е тоа или ова се мерките што можат нас дас не доведат до целта.

До сега, јас не сум слушнала во ниту една од расправите некоја политичка партија да каже дека нема потреба од носење на ваква националната програма. Напротив, кога ја разгледувавме на Комисијата за образование, наука, ниту еден од членовите на Комисијата, кои претставуваат одредена политичка партија, не изјави резерва ниту за називот, ниту за тоа дали е потребно или не е потребно. Туку напротив даваа забелешки во функција на подобрување на текстот или на решенијата што се во националната програма.

Затоа, морам да признам малку сум изненадена и разочарана од она што го слушнав денеска. Не можеме да имаме пристап во смисла имаме стратегија што важи, па сега национална програма не ни е потребна. Кога зборуваме, треба да бидеме внимателни дека зборовите стратегија и програма се различни. Барем да се обидеме да не ги мешаме. Кажа и заменикот министер, особено што никој не негира дека таква Стратегија постои. Јас ќе бев задоволна доколку барем еднаш, во текот на нашиот мандат, некој од вас кои сега упорно инсистирате на постоење на таквата Стратегија, не побараше да дискутираме по оваа стратегија, да виме што сме направиле, што не сме направиле. Со оглед на тоа што оваа стратегија во периодот за приоритетите од 2001 до 2005 година ја донела Владата на Република Македонија, без разлика каква била политичката гарнитура, меѓутоа, за неа не дискутирало Собранието. Не знам колку биле инволвирани другите политички партии. Јас не сум слушнала до сега дека имало некој документ како овој , во кој што биле инволвирани сите политички субјекти и сите субкјекти надвор од политичките партии кои имаат врска или имаат интерес во образованието.

Бидејќи се изнаслушавме во претходниот период за оваа статегија, очигледно понесени од предизборниот момент, бидејќи беа изнесени и такви тврдења дека Националната програма е плагијат, еве јас сакам да го искористам моментот да поразговараме и за тоа што носи оваа стратегија, што носи оваа национална програма. Дека се компатибилни, дека не се негираат една со друга, туку напротив.

Прво, прво зборуваме за Стратегија за развој на образованието 2001-2010 година, која што заедно со содржината имаат 25 страници. Вториот дел е превод на англиски. Значи зборуваме, со предговор, со содржина, со се, а суштинските работи се на четири страници. Ние зборуваме за тоа.

За кваква Стратегија зборуваме. Зборуваме за стратегија во која што во суштина не се стратешки моменти што треба да се направат, туку практично се набележани моменталните проблеми во образованието. Тука, нема решенија за развој. Тука има, на пример: делумно реформирано средно стручно образование.

И, се кажува: нестандарден премин од средното кон високото образование. Па, се кажува зошто е тоа така. Застарен фонд на наставна опрема, па се кажува зошто е така. Меѓутоа, не нуди решеније.

Јас сум убедена, доколку оваа стратегија се разговарала и дебатирала на Парламент, дека ќе била многу поуспешна и дека, доколку била на широка јавна расправа, со сите политички субјекти, ќе била многу подобра отколку што е сега. Меѓутоа, ние не можеме да негираме дека она што го донела таа Влада тогаш, во 2001 година, дека ова што го донела не држи. Точно и ова е реален приказ на состојбите во образованието тогаш. Многу работи се изменети до сега. Затоа, она што е изменето, она што е направено не може да биде дел од Националната програма.

Имаме Национална straатегија од 25 страни, вклучително и предговор, вовед, со содржина, со оние неформалности на почеток а имаме и Национална програма заедно со сите подпрограми од стотина страници. Секоја од нив е разработена поединечно. Тоа е првата разлика, покрај тоа што реков дека главната разлика е што зборуваме од една страна за Стратегија, а од друга страна за Национална програма.

Она што го има во Стратегијата, матрица од приоритети, приоритети за периодот од 2001 до 2010 година, со добар дел од нив се согласувам. Вели, воведување на матура во средното образование со цел да се направат излишни приемните испити на факултетите, со рок на остварување 2006 година. Во тој мандат до 2002 година не е направено ништо. Зборуваше заменик-министерот. Концепцијата за матурата, комплетната е направена во овој мандат и пилот-програмите се почнати. Наредната година од 2007 година почнува реализацијата.

Опремување на основните училишта со доволен број на компјутери. Целта е набавка на 10 илјади компјутери, рокот е 2001 година. Каде се?

Изградба на нов објекти на Министрството за образование и наука, тоа е Стратегија за развој на образованието, единственобјект, реализација 2002 година, крајот. Објектот го нема.

Недоволен аналитички капацитет на Министерството за образование и наука и застој во некои постапки. Рок, 2001 година. Е сега, да ви кажам, на почетокот на мандатот имав неколку месеци после официјалнот почеток на овој Парламентарен состав, дојдоа меѓународни претставници кои се обидувале да имаат соработка со претходниот министер за образование, токму во оваа смисла, во креирање, во најмала рака, на аналитички центар со оглед на тоа што не постоеја никакви критериуми за финансирање, не постоеше база на податоци за тоа кое училиште, колку ученици има, каков наставен кадар, каков профил, не постоеше анализа каква е училишната мрежа, дали може училишната мрежа да издржи во ваков капацитет и беа прилично разочарани од соработката со претходниот министер. Беа скептични. Не знаеја на што ќе најдат во овој случај. Заради тоа што тврдеа, имајќи предвид дека ние бевме исправени пред предизвикот за имплементирање и почеток на децентрализација, дека без постоење на ваков аналитички центар ќе се случи колабс. Дека не може да имаме успешна децентрализација во образованието и успешно функционирање во системот на образованието, доколку нема аналитички центар кој ќе ги има сите тие податоци и доколку нема сериозни критериуми за финансирање во образованието. Сега го има тоа.

Формирање на институт за нови методики во наставата, рок 2002 година. Го нема.

Поврзување на средните училишта во компјутерска мрежа рок 2001 година. Тоа го направивме ние, дури сега.

Поврзување на големите основни училишта во компјутерска мрежа, 2001 година. Исто така дури сега.

Обновување на наставната опрема во основните и средни училишта, рок 2002 година. Ние сега читаме повторно дека сеуште имаме проблем, а се прашувам, имајќи предвид дека тука пишува дека ова е поддржано од меѓународни институции, финансирано, ако е финансирано во ваква опрема, тогаш каде се средствата? Каде отишла новата оопрема, ако рокот бил 2002 година.

Создавање на заеднички учебници по историја со Република Албанија и Република Бугарија, заради зајакнување на свеста за соработка и заради актуелните учебници засновани на конфликти, рокот до 2007 година. Да се знае кој донел вакво нешто во Стратегијата.

Развивање на мултилингвизмот, задолжително втор европски јазик 2002 година.

Развивање на служба за професионална ориентација при Бирото за развој на образованието, рок 2003 година.

Развивање на центри за перманентно образование на наставници на факултетите за подготвување на наставници, 2001 година. Јас не знам дека вакви центри се отворени.

Вклучување на една година предучилишно образование во основното образование, 2005 година, значи задолжително девет годишно

образование, тоа што вие го критикувате цело време дека не може да функционира.

Ова се дел од работите кои што вие сте ги промовирале, кои што вие сте ги напишале во стратегијата, а кои што ќе признаете дека се дел од овие програми.

Значи, зборуваме за национална програма и со потпрограми која, прво, дава реален приказ за моменталната состојба и второ, дава реални решенија. Реално решение на тоа што ние би сакале да ги постигнеме како одговор на сите предизвици, како одговор на тоа што промените во научно-технолошкиот развој се одвиваат многу брзо и ние мора да имаме образование, што ќе биде спремно да одговори на тие предизвици, затоа што сме свесни дека имаме наставен кадар кој што се образувал во 20-иот век, а кој што треба да одговори на предизвиците од 21-иот век, имајќи предвид дека дел од учениците се далеку навлезени во 21-иот век. Се доведуваме во ситуација дел од наставниот кадар веќе да не е авторитет за учениците од тој аспект. И за разлика од вас, јас не би била скептик, ниту би прашувала кога ќе заврши обуката, туку јас би рекла добро е што почна, затоа што ако сакаме да имаме наставен кадар кој што во едни од методите, за реновирање на наставата и правење на образованието или училиштето интересно е воведувањето на комуникациски технологии во наставата, меѓутоа, како алатки, а не како основни средства е усовршување и обучување на наставниот кадар да може да се служи со нив. Реално, ние имаме наставен кадар кој што не може да си дозволи да има компјутер дома. Затоа ние мора да му обезбедиме усовршување и професионален развој, доколку сакаме да имаме вистински носители на новитетите во 21-иот век.

Токму заради сите овие работи, кој што беа известени а за кои што не сакав да се повторувам, пратеничката група на СДСМ ќе ја поддржи националната програма за развој на образованието, вклучително со останатите потпрограми. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитувана госпоѓице Грковска, јас ќе почнам од крајот и ќе се движам нанапред, затоа што ова што го кажавте на крајот, добро што почна обуката за наставниците и тоа што наставниот кадар дома нема компјутери. Поголем дел од наставниот кадар нема ни леб да јаде, а не да има компјутери и да можеме да зборуваме тука за седум милји чекори во информатичката програма, а тоа во овие 4 години колку вие го решивте, треба да го кажете самите. Имаше зголемување од 150 денари на платата. Тоа што го говорите за 2001, мислам самите се поставивте неколку дилеми и не ги одговоривте. Што е тоа национална стратегија, што е тоа програма, што е тоа акционен план и што е реализација. Вие во сите овие работи правите таква збрка, значи националната стратегија е тоа што каде треба да се движи Македонија, таа била 29 страници. Таа стратегија треба да ги донесе плановите и да кажете конкретно што и кога и како треба да се направи.

Понатаму, во вашата програма велите дека има 132 страници, според таа стратегија од 30 страници, би требало да има според мене 1000 страници, во која што ќе имате анализа комплетна и детална на се што значи образование, на сите објекти, на сите наставници што ги имаме и како понатаму ќе се движите. Вие бевте дел од таа влада за која што сега говорите. Вашите министри и вашиот премиер беше министер во Владата на господинот Љубчо Георгиевски кога се носеше стратегијата. Плагијат, тоа е ваш збор. Досега никој не го спомнал во Парламентот, тоа е ваш збор. Ако имате нешто да кажете со некој што го кажал ќе си свикате прес конференција, нема да го користите Парламентот.

Понатаму, за матурата кажувате дека 5 години вас ви се доволни за да можете да пробате како ќе изгледа матурата, но го обвбинувате некого, затоа што во една година не го сторил сето тоа и тоа е големо зло. Како можете така да се осмелите.

Во однос на она што значи аналитички центар, па прашувате каде се средствата во тие средства што се потпишани, има повторно план за реализација и во тој план за реализација се донесува начинот на кој што во однос на реализацијата се земаат дел од тие средства. А не вие сега да кажувате дека во ова време од овие 4 години вие не сте успеале да ги земате тие средства.

Имало во стратегијата 10.000 компјутери, сега пред малку, пред вие да зборувате, господинот заменик министер кажа два пати по 4000 компјутери, тоа се 8000 компјутери во овие години се вградени во основните и средните училишта.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Јас ќе се обидам на оваа прилично конфузна реплика да одговорам.

Прво, жал ми е што морам да констатирам дека стратегијата вие општо не сте ја прочитале. Во предговорот пишува дека во ноември 1999 година врз основа на одлуката на Владата на Република Македонија е донесена ваквата стратегија на 13.03.2001 година. А во ноември е одлука на Владата за ваква соработка за изработка на ваков документ.

Значи, 1999 година е одлуката а дефинтивно 13.03.2001 година е далеку пред широката коалиција. .

Второ, зборуваме дефинитивно за 10.000 компјутери, меѓутоа овде пишува рокот е 2001 година. За тоа прашувам каде се. Ако сте биле толку експедитивни и реално сте ги давале овие приоритети, зошто до 2001 година не сте набавиле толку компјутери во основното образование.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски,претседател на Собранието)

**Љупчо Јордановски:** Господине Оровчанец, имате три минути реплика.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Иако денеска е прилика да видиме една крајно непродуктивна дискусија низ една призма на популизам, што ние направивме, што овие направиле што се сака да се наметне една теза дека се носи една национална програма за развој на образованието во Република Македонија, која што треба да ја почитуваaат сите министри, влади, партии во наредните десет години. Избегнувајќи да кажеме дека оваа програма практично и не личи на никаква програма. Зборувајќи за стратегија, избегнувајќи ја дискусијата околу самата национална програма која што тука ја гледаме.

Националната програма повеќе ја гледаме овде како документ во кој што имаме анализа на сегашната состојба и од која што не се извлечени правилни заклучоци.

Ако заклучокот од сето ова е дека Македонија спаѓа во земјите кои што се најнеобразованиво Европа. Мислам дека моментално сме сигурни дури и зад Албанија или Молдавија, кои што во документите се наведуваат како земји само пред кои сме, говорат податоците дека во Македонија 50% од 15-годишната популација е или неписмена или со недооформено основно образование. И оваа програма не го решава ова прашање.Оваа програма е само визија за популизам за она што би сакале да го имаме, не нудејќи никаде ниедно решение за оваа работа.

Целиот систем на образованието дефинитивно треба да претрпи коренити промени, концептуални и суштински промени и воведување на програма и акционен план кој што ќе исчекори во овој систем, затоа што влеговме во еден затворен круг на лошо образование и сиромаштија и беда што продуцира повторно необразование и така натаму. Значи, државата мора да смогне сили и не со еден ваков документ. Овој документ е добар како аналитички документ кој не нуди решение. Нуди визија дека ќе имаме идеално образование, меѓутоа начинот што, како, кога, со кои мерки го нема никаде. Према тоа, програма е само пуста желба и визија на некои луѓе, ништо друго.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓице Грковска имате една минута.

**Славица Грковска:** Жал ми е што морам да констатирам дека по ова што го зборувате вие воопшто не сте го прочитале ниту основниот документ, ниту програмаксите документи.

Оваа програма, повторно ќе повторам има реален приказ на состојбите, има одговори на тоа како да се решат одредени проблеми и на крајот има акционен план врзан со рокови за тоа секој од овие приоритети во кој временски период тгреба да се реши, со оглед на тоа што има работи кои преку ноќ не можат да се изменат, имајќи предвид колкав е инетрниот систем на образованието и дека неможе преку ноќ одредени работи да се решат во самата природа на нештата. И да, ова е визија што сакаме да ја имаме. И ако вие сакате да ја наржете пуста желба. Меѓутоа, да ве потсетам и 60-тите години Европската унија започнала како визија и желба на некој политичар и еве до каде дошла. Ништо без визија не можеме да направиме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Голомеов имате збор.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе, господине заменик министер, почитувани колеги.

Денеска дебатираме за исклучително значаен документ. Јас би рекол суштински национална програма за развој на образованието на Република Македонија 2005-2015 година. Најмалку очекував да има дискусии од дневно-политички карактер и би рекол нихилистички однос према некој вака значаен документ, без кој не се решава најсуштествениот проблем во Република Македонија, бидејќи не можеме да претендираме за никаков економски исчекор, а знаеме што претставува моменталната економска ситуација во Република Македонија ако не се обидеме и не успееме да го подигнеме и квалитетот на образованието и квалитетот на човечките ресурси.

Впрочем, покрај техничко-технолошката модернизација основен елемент се човечките ресурси за економски исчекор, за економски развој, за економска благосостојба.

Од тој аспект овој е исклучително сериозен документ и не смее да се гледа никако од дневно-политички аспект, бидејќи 4 години за било која влада се премногу мал временски период за еден вака сериозен проблем да го детактира и разреши. Значи, мораме да се потпреме на една национална програма која сигурно дека не смее и не може да биде затворен документ. Тоа не е библија. Секоја наредна влада треба, пожелно е и да го надоградува, меѓутоа во позитивна насока да ги забрзува процесите, со цел за што пократок влеменски период по оваа сфера да фатиме приклучок со она што претставува Европа.

Јас морам да им одадам признание на подготвувачите, кои се набележани на почетокот на оваа национална програма, која е создадена врз основа на консултација би рекол, на комплетната фела која е најстручна и најповикана за проблемот на образованието и морам да кажам дека пред нас има исклучително квалитетен документ, кој пред се ги детектира слабостите на нашиот образовен систем кој на кратко што се овде дадени би ги прочитал, а тоа се: екстремно централизирано образование, препукување на надлежности, несоодветна училишна мрежа, недоволен опфат, доминација на фактографија, минимална информатизација, амортизирани објекти, хроничен недостиг на финансии, демотивиран наставен кадар, незадоволителни управувачи, капацитети во администрацијата и во

образоввните установи. Никој не може ништо да додаде, или да одземе од ова што овде е набележано.

Факт е дека премногу политика внесовме и во образованието. Поради таквата негова централизирана поставеност ја внесовме таа политика во образованието и едноставно, таа политика и донекаде ги закочивме процесите на реформа во овој исклучително значаен сегмент.

Свесни сме сите дека од година во година квалитетот на децата кои излегуваат, почнувајќи од основното и средното образование е се на пониско ниво и мислам дека ситуацијата е веќе повеќе од алармантна. Она што загрижува е фактот што само 18,67% од децата во предучилишниот воспитно-образовен процес. Онаа возраст од две до шест години што ја напомна и заменикот министер во своето обраќање. Ако е од суштинско значење да биде на време опфатена.

Загрижува фактот дека почнувајќи од 12 годишно образование, земајќи го предвид основното и средното образование, осипувањето е некаде близу 30%. 69% само завршуваат од прво одделение до четврта година средно образование. Тоа е огромен процент на осипување.

Од друга страна, преодот од средно во високо образование во Република Македонија е исто така, исклучително мал под 20%. А развиените држави како што се Англија и Франција, претендираат тој процент да го качат на 50%.

Тука се поставува прашањето дали Македонија има соодветни човечки ресурси за економски исчекор. Јас би рекол не, имајќи предвид дека 49%, односно повеќе од 49% од популацијата над 15 години е без основно, или со само основно образование. Навистина е тешко со било какви мерки да се решава проблемот и на невработеност и проблемот на економски исчекор кога имате ваква структура на невработени. И не е случајно што Џонсон Контрол, како инвестиција, како светски тренд кој токлку желно го исчекуваме, се двоуми меѓу Македонија и Полска. А кога е во прашање нашата земја, најголем проблем се човечките ресурси за таа компанија. Значи, тоа доволно покажува дека не е само дома да се намалат даноците, да се дадат било какви привилегии, едноставно, ние мораме да создадеме и други предуслови, за да можеме да имаме позасилен инвестиционен циклус.

Се на се, оваа национална програма ги детектира сите овие слабости и истовремено, нуди соодветни решенија на кој начин може да се подобри состојбата во образованието, сигурно во согласност со нашите економски предиспозиции што ги имаме како држава. Многу едноставно тој процес да се забрза таму каде што имаме развиени економии, меѓутоа, кога имаме ограничени средства, ограничени можности, сигурно дека проблемот е поизразен и посложен.

Ние денес имаме само 3,49% од бруто домашниот производ кој го насочуваме во образованието, што е исклучително малку. Од 1996 до 2003 година тој процент е паднат за 0,77%, 80% од средствата кои одат во основното и средното образование се трошат за плата. Кога е во прашање високото образование 90% се за плата. Значи, каде е тука развојот на инфраструктурата, каде е тука развојот на условите во кои децата се школуваат, каде е тука информатичката технологија, добри лабаратории и така натаму. Значи, од друга страна нашите економски ресурси се ограничени. Затоа е потребно да се направи стратегија и за сите можни извори за финансирање кои овде јасно се посочуваат да се стават во еден ист правец за стратешко решавање на проблемите во сферата на образованието. Затоа, треба да се искористи можноста и на приватниот сектор, придонесот на невладините организации, средствата кои доаѓаат од надвор, од странски донации.

Едноставно сите тие можни извори на финансирање, изворите на финансирање од страна на локалната салоуправа стратешки да се користат и најефикасно да се користат. Само на тој начин Ќе можеме да ги забрзаме процесите на модернизација и подигање на ефикасноста на образовниот систем.

Од друга страна, она што оваа Национална програма го детектира и го посочува е фактот дека мораме да ги заостриме критериумите во рамките на сите образовни нивоа и мора да се подигне квалитетот на образовните услуги, па притоа се нуди концептот на екстерна евалуација, што е сосема прифатлив, бидејки сите сме свесни дека денес имаме нереална ситуација што до осмо одделение имаме по правило сосема одлични ученици, во средното образование имаме исто така многу високи оценки и кога ќе се дојде во рамките на високото образование, на факултат, се гледа целиот проблем дека сето тоа се во огромен процент фиктивни оцени. Затоа, преку една екстерна евалуација мора да се зголеми и одговорноста и квалитетот на производот што ќе се добива од тој образовен процес. Концептот на доживотно учење, концептот на доживотна обука е исто така концепт кој е во согласност со она што претставува европско и светско искуство, имајки ја предвид динамиката на развојот на техниката и технологијата едноставно мораме да сватиме дека не можеме во текот на целиот свој живот, во текот на целиот работоспособен дел од нашиот живот не смееме да престанеме со дообучување и доедукација ако сакаме едноставно да обезбедиме подобра егзистенција за себе и поинтензивен економски развој на Република Македонија.

Времетраењето на задолжителното образование е исто така разработено во оваа програма. Овде се оди по препорака на деветгодишно задолжително образование, иако одредени развиени земји имаат дури 11 годишно

задолжително образование, меѓутоа, свесни сме дека секоја година зголемувањето на задолжителното образование носи пред се финансиски импликации и од тој аспект треба да се тргне многу внимателно, а сигурно дека со подобрувањето на економската ситуација тој процес може да се забрза, односно да се оди со подигнување на нивото на задолжително образование, бидејки сепак како што реков тоа е неопходно ако сакаме да фатиме чекор со она што претставува Европа и развиениот свет. Мора да се напушти фактографскиот начин на учење, предавање и т.н., мора да се стимулира инвентивноста и креативноста, ако сакаме нашите ученици, нашите завршени деца да бидат компатабилни со она што претставуваат нивни врсници од другите европски земји.

Што се однесува до ингеренциите, добро е што во Националната програма јасно се посочува дека треба да се издвои децидно и јасно што е она што претставува државна ингеренција, што е она за што ќе се грижи државата, а што е она за што ќе се грижи локалната самоуправа, бидејки на тој начин разбивајки се таа централизација, едноставно до израз ќе дојде правиот менаџерски дух во училиштата, до израз ќе дојде и квалитетот, до израз ќе дојде и ефикасноста, а не партиската подобност или некои други критериуми кои немаат врска со она што претставува компетенција, квалитет и ефикасност.

Впрочем, во рамките на локалната самоуправа е и локалниот економски развој и сигурно дека таа ќе биде најзаинтересирана на својата територија во рамките на своето основно и средно образование да продуцира таков профил на струки кои ќе бидат по функција пред се на локалниот економски развој. На тој начин сметам дека навистина ќе се направи еден квалитетен исчекор во поставување на јасни правила на игра во оваа и текако значајна сфера и со реализацијата на оваа програма, која веќе во голем дел почнува да се реализира, а која е комплетно во согласност со она што претставува Болоњски процес, со она што претставува проект "Образование за сите" на УНЕСКО и со сите документи на Обединетите нации, мислам дека добиваме документ зад кој треба сите да застанеме. Впрочем, во денешните дискусии јас не слушнав ниту една суштинска забелешка на овој концепт, на овој документ, слушнав неколку дискусии пак ќе речам само од дневно-политички карактер, меѓутоа, треба да сватиме дека сепак образованиеот е дејност во која најмалку треба да има политика.

Либерално демократската партија во целина овој документ ќе го подржи.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Голомеов.

Повелете господине Илјаз Халими, имате збор.

**Илјаз Халими:** Ви благодарам господине претседател.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за образование, Подготвувањето на Националната програма за развој на образованието во Република Македонија во еден подолг временски период е повеќе од потребно. Имајки го предвид ова, Министерството за образование и наука понуди една програма за периодот 2005-2015 година, за која програма денес расправаме.

Уште на почетокот сакам да нагласам еден факт што мислам дека е значаен. Програмата почнува со 2005 година, што значи ние треба да се вратиме назад. Мое мислење е дека оваа работа треба да почне од актуелниот момент до предвидениот рок, што значи од 2006 до 2015 година, или до 2016 година до колку сакаме да го почитуваме периодот од 10 години. Кажано поинаку изгледа предлагачот на оваа програма не ја забележал оваа работа или има намера истото да го спроведе на ретроактивен начин, враќајќи се една година назад.

Почитувани колеги пратеници, дека има потреба од една образовна програма која ќе важи за еден подолг временски период не може да се спори, бидејки ова го бара времето и динамиката на развојот на општествените процеси во Европа и во светот. Република Македонија која претендира еден ден да биде членка на Европската унија и на разните меѓународни структури секако дека треба да посвети внимание на образованието како еден од основните столбови на едно општество. Контурите за развојот на образованието сега и во иднина секако треба да се постават, затоа што ова претставува основа врз која што треба да се чекори кон иднината. Само на овој начин ќе може да се соочиме со разните предизвици што ќе ни се појавуваат во 21-от век. Токму поради ова, преобразбата на образовните процеси, на културолошките процеси треба да биде брза и во чекот со ваквите слични процеси во Европа. Инаку, активното учество на Република Македонија во овие процеси нема да биде можно.

Во Националната програма се говори за ангажманите и работите што треба да ги превземе Министерството за образование и наука, како и самата Влада, чиј дел е и ова Министерство, за да се зголеми и здигне нивото на образование и слично со државите членки на Европската унија. Се говори за трансфорамции или преобразби кои треба да се направат во образованието,понатаму, за градење на јасни механизми што ќе овозможат национална соработка и меѓународна соработка за здраво образование и рамноправно образование за сите, за децентрализација на образованието, за финансирање на образованието, за усовршување на наставните програми, контролата врз наставниците и директорите на училиштата, за лиценцирањето и разните рангирања кои треба да ги имаат наставниците и т.н. Многу елементи на овие ангажмани се актуелни и денес. Всушност, имаме закони и други нормативни акти за сите нивоа на образование, кои овозможуваат функционирање и редовно функционирање на образованието во Македонија. Се разбира дека

сето ова не е доволно за да се биде на линија на образованието кое денес се практикува во Европа и пошироко. Оваа сегашна ситуација на образованието, која е таква каква што е, е таква од причина што трансфорамцијата на образованието од поранешниот систем во плуралниот систем е направена со бавни чекори. Сепак, овие слабости и многуте аномалии што ги имаме денес во образованието во целина не се како последица од непостоењето на закони од минатото, туку непочитување на истите, како и многу други фактори.

Почитувани колеги, моменталната состојба на образованието, посебно во некои делови на Македонија е катастрофална. Ова се гледа во многу аспекти и во прв ред, иако законот предвидува една паралелка да има од 25 до 34 ученици, за жал, имаме многу паралелки во многу училишта каде паралелките имаат над 34 ученици, некаде околу 40 ученици, дури некаде оваа бројка се надминува. Во многу училишта се учи во три смени. Десетици школски објекти каде што се одвива наставниот процес се застарени и делумно уништени. Недостасуваат многу средства за работа, кои се неопходни за работата на наставниците, од една страна говориме дека секоја година бројот на учениците се намалува како резултат на намалување на наталитетот, за што сме и загрижени, а од друга страна Министерството за образование и наука со илјадници ученици не овозможува нормални и рамноправни услови за образување. Последните години е изменет и наставниот кадар на лошо. Во многу осмолетки и средни училишта, меѓутоа и факултети, тие кадри што доаѓаат секогаш се послаби. Недостасувала вистинска и правилна контрола при нивното вработување, како и верификација на дипломите со кои тие конкурираат. Падната е сериозноста на одржување на наставниот час и дисциплината во целина кај учениците, непотизмот, митото, интервенцијата и разните закани на разните команданти сега се веќе вообичаена појава за добивање повисока оценка за диплома во многу училишта.

Сите овие негативни феномени кои ги спомнав, заедно со многу други што не ги нагласив, би можеле да се надминат и да не постојат до колку Министерството за образование и другите соодветни органи беа поажурни, со поотворени очи и поодлучни да се борат против овие појави. До колкус е преземеше сето она што е дозволено, што им е досзволено на органите и државните структури кои внимаваат и се грижат за образованието, сигурно денес ќе имавме една сосема поинаква ситуација од таа што ја имаме денес. До колку дејствуваа на овој начин, ќе се овозможеше да се формира една здрава основа, образовна основа каде во продолжение ќе можеше да се аплицираат параметрите што се предвидуваат во оваа програма, кои параметри сигурно ќе го забрзаа процесот на развојот на образованието кај нас на компатибилен начин со оној на современото учење и образование. До колку поаѓаме од оваа сегашна состојба на образованието, би било залудно да се мисли дека овие параметри на развојот на современото образование кои што се предвидуваат во програмата би можеле да се аплицираат успешно. Ова го велам од причина што кај нас многу работи треба да се изменат од корен. Во прв ред, во Македонија денес немаме исто рамноправно ниво на образование во сите училишта, опфаќајки ги урбаните и руралните делови.

Недостасуваат школските објекти на пропорционален начин, според бројот на жителите во разните населени места. За пример ќе го земам Тетово со околината, каде има 240 илјади жители, активни се само 5 средни училишта, а во Охрид каде што има само 50 илјади жители има исто така 5 средни училишта. Или во цело Скопје каде што има околу 550 илјади жители, има 32-33 средни училишта, а во Тетово се само 5 средни училишта. До колку се оди со пропорционалност според бројот на жителите, во Тетово би требало да бидат изградени околу 12 или ако не 12, тогаш 11 средни училишта. Тука имате пропорција на распределба на школската мрежа според бројот на жителите. Во оваа Национална програма повеќе се манифестира желбата, барањето, а се покажува и тоа како треба да се развива образованието за да се достигне едно ниво на образование како што има во земјите членки на Европската унија, отколку што се даваат конкретни решенија со рокови за надминување на оваа состојба во образованието. Никаде во програмата не се спомнува колку школски објекти има потреба да се поправат или изградат, за кој период тоа ќе се заврши, за 2, за 3 или за 1 година, или за 10 години, кога ќе се завршат. Исто така, нема ниту една точна прецизна дата после која нема да се дозволи на паралелките да бидат оптоварени со повеќе ученици отколку што е определено со законот. Не се предвидуваат рокови за опремување со соодветни средства на рамноправен начин за сите училишта и други форми на модернизирање.

Се согласувам со тоа што се предвидува аплицирање на деветгодишно образување или обуката на наставниците, опремувањето со лиценца или нивното напредување во наставници, ментори наставници, каде и плаќањето за нив треба да биде различно, во зависност од тоа кој како е оценет. Иако ова е вред, сепак, тоа е дискутабилно, значи начинот на нивното лиценцирање, од причина што ја ссе плашам дека тоа нема да се прави спрема заслугите и професионалните способности на истите, туку со интервенции и разни влијанија кај оние што треба да ги дадат овие лиценци. До колку ова се случи вака, тогаш не можеме да говориме за никакви реформи во образованието. Проблемот е како да се изнајде начин да се ослободиме од овој секојдневен товар на овие влијанија од разни нивоа, кои за избор на кадар тоа да се направи со најголема одговорност, за да се врати позитивниот имиџ на образованието, на

наставникот или едукаторот и со ова да се зголеми и квалитетот во наставно едукативниот процес на новите генерации. Во споредба со ова што го кажав, значајно е дека за се во општеството треба да има планирање. Во споредба со другите области во општеството, и образованието треба да се планира. Не може општеството да дозволи однесувањата на луѓето, било каде да се тие, да се остават на стихијно делување. Во оваа насока, треба задолжително да има краткорочни, среднорочни и долгорочни планирања на сите нивоа на образованието. Ова планирање треба да биде во согласност со општествените потреби. Не може да произведуваме повеќе кадри од разните профили отколку што се потребни на општеството. До колку ова се направи на неконтролиран начин, како што за жал се случува денес, утре ќе се соочиме со разни проблеми, во прв ред со повеќе школувани кадри, затоа што за сите нив нема да може да се обезбедат работни места. Со ова ќе создадеме терен и простор да имаме армија на образовани, а невработени лица, кои ќе бидат социјален проблем на општеството. За жал, и ова не се предвидува во Националната програма 2005-2015 година.

На крајот сугерирам или апелирам до Министерството за образование и наука, односно до Владата да се земат предвид овие забелешки, кои се скромни, значи и моите сугестии да се земат предвид, а имаше слични сугестии и од други дискутанти, со единствена намера оваа програма да се дополни и да биде поприфатлива и по можност за аплицирање во идниот период. Значи да се стават зборови и разни реченици на хартија и да се напише се, можно е.

Меѓутоа, значајно е тоа што ќе се каже и што се планира треба да се почитува и да се имплементира.

Само на овој начин ќе можат да се направат позитивни промени во образованието. Вака може да има перспектива и надеж дека нашето општество побрзо ќе се интегрира во Европа и во светот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Халими.

Заменик министерот за образование има реплика од три минути.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам почитуван претседателе, на почетокот спомнав дека кога ќе се јавам за реплика би сакал да дообјаснам некои аспекти кои во краткиов дел на воведните напомени на објаснување на Националната програма не успеав да ги набележам, се разбира, заради нејзината обемност.

Му благодарам на почитуваниот пратеник, се разбира, сите предлози, сугестии и нови форми на решенија ќе бидат вградени, рековме дека е ова жива материја која постојано ќе се надоградува.

Успехот на реализацијата на оваа Национална програма зависи не само од институциите, туку зависи од учениците, наставниците и од родителите односно од сите нас.

Би сакал само да појаснам за инфраструктурата, бидејќи неколку говорници зборуваа дека во Националната програма не е директно посочена проблематиката со инфраструктурата односно образовната мрежа. Тоа е точно, бидејќи постојат објективни причини.

Рационализацијата на мрежата на училиштата, пред се, зависи од успехот на спроведување на децентрализацијата односно во согласност со наталитетот на населението кое перманентно треба да се следи. Во некои средини имаме пад на наталитетот, во некои средини одржување, во некои средини зголемен наталитет кој води до одредена диспропорција на мрежата.

Второ, политиката на Владата во делот на инвестирањето зависи од нејзината политика за урамнотежување на регионалниот развој во тој дел така што не можете да го опфатите само во образовната политика.

На крајот, во Националната програма внесовме дека капиталните инвестиции се перманентна грижа на Владата односно на Министерството за образование и наука како тековна активност преку целата година. Тоа се дефинира со Годишна програма во која се внесуваат спрема материјалните расположиви ресурси и интервенции во училиштата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер за образование, колешки и колеги пратеници.

Дозволете ми и јас да се вклучам во оваа дебата и во поддршка на Програмата која е претставена овде за развој на образованието од 2005 до 2015 година.

Ќе се обидам да не се враќам премногу назад, бидејќи повеќе треба да ги потенцираме чекорите кои претстојат во следниот период.

Ме радува што ова се поклопи, оваа Програма што е понудена од страна на Владата, се поклопи со дел од сугестиите што и неговата екселенција претседателот на Европскиот Парламент Хозе Борел ги кажа овде пред некој ден од собраниската говорница кога во делот на реформите или продолжувањето на реформите ја потенцираше и реформата на образовниот систем како нужен услов за младите веќе да не се идентификуваат, како што рече, само во функција на своето етничко потекло и процесот на реформа која е секогаш многу тежок, напорен, треба голема решителност и храброст да се преземе. Ме радува што се случува сега, за жал, премногу декларативен е оној допис што го добивме тука, бидејќи знам голем дел од Прогамата, таа Програма е со конкретни чекори, мерки и активности кои , верувам, дека неминовно ќе понудат резултати.

Јас нема да зборувам за сите аспекти, еве да прифатиме дека некој во одреден период напишал стратегија до 2010 година иако, според мене, ја немал визијата иако 2001 година сите сме биле свесни за огромното значење на примената на информатичката и комуникациската технологија, па само ќе се осврнам во моето излагање на тој дел како квалитетно нов дел што е понуден од страна на Владата и како перспектива за нашата земја или како што јас велам нашата шанса.

Кога зборував за една друга стратегија реков дека сакале ние или не општествениот развој на сите држави во иднина ќе се базираат на информатичкото општество. Информатичкото општество е приоритет на многу влади на развиените земји, пред се, но се покажува дека масовната примена на информатичката и комуникациската технологија е спас или шанса за земјите во развој. Не постои дилема дали треба или не треба општествениот развој да се базира на информатичка и комуникациска технологија, туку се поставува прашањето како тоа да се направи.

Целта на сите земји кои се решиле да одат со тој чекор е иста, но патиштата се различни, но и оние кои не се решиле ќе бидат приморани да се решат и затоа што поскоро, што помасовно да започнеме да работиме на тој план, тоа ќе биде подобро за сите.

Ме радува што има едно множество на активности кои конвергираат, а се од различни носители кои конвергираат кон оваа цел, кон информатичкото општество.

Сега, нема сомневање, тоа покажува и теоријата и праксата дека образованието е еден од клучните сегменти во поттикнувањето и поддржувањето на развојот на информатикото општество и тоа од два спекти.

Прво, овој сегмент треба да биде лидер во промоцијата на информатичкото општество при создавањето на стручни и компетентни кадри кои ќе можат да одговорат на предизвиците на информатичкото општество и потребите на економијата базирана на знаење.

Не постои развој на информатичкото општество кој може да се направи без соодветни квалификации на луѓето кои активно треба да партиципираат во користењето на бенефициите кои ги нудат истите.

Второ, квалитетот на наставно образовниот процес директно зависи од примената на информатичко комуникациските технологии во него.

Притоа мора да имаме во предвид дека инвестирањето само во опрема и купувањето само на, условно кажано, хардвер не е добра политика и никаде не дава резултати. Затоа техничкото опремување на образовните институции мора да биде проследено со соодветни активности како што е едукација на наставниот кадар во постојните образовни институции, нова организација и ново менаџирање на образовните процеси. За реализација на целите на овој тип на образование главен приоритет треба да има соодветна едукација на наставниот кадар.

Се разбира, овој процес не треба да ги опфати само наставниците кои треба да предаваат за технологиите, туку подеднакво и наставниците кои треба да ги применуваат информатичките технологии во изведувањето на наставно образовниот процес. Овој процес треба да биде воден според техничката опременост на образовните установи. Мислам дека тука решителноста што ја покажува Министерството или Владата треба да не радува сите иако на почетокот можеби ќе бидеме скептици дали ќе најдеме доволен број на наставен кадар кои ќе го поддржат овој процес, со оглед на реалната ситуација што постои во образованието.

Веројатно на помош ќе треба или да ги прифатиме сугестиите на неколку блогери од блогерската заедница која деновиве комуницирам со нив каде можеби во почетокот ќе треба визитинг професори или учењето во далечина да го искористиме со наставен кадар преку комуникациските технологии да се вклуат во овој клучен чекор, а тоа е промена на начинот и на целиот образовен систем или како што често господинот Положани кажува, сум го слушал во сите прилики во промоцијата на оваа програма каде што вели да направиме од тоа наместо учениците да паметат, да направиме систем кој ќе направи учениците да мислат и креативно ќе творат.

Реков, за жал, материјалот што сме го добиле во хартиена форма ги нема сите детали, но секој пратеник ја доби електронската верзија на целокупниот материјал и од неа можеме да ги видиме конкретните цели како да стигнеме до остварување на тие цели.

На пример, би потенцирал неколку. Со оваа Програма е предвидено секој наставен кадар до 2010 година да биде дигитално описменет, секој наставен кадар до 2015 година да користи информатичка комуникација, комуникациска технологија целосно во наставниот процес, секој ученик од IV одделение да започне со дигиталното описменување од наредната година. За да може тоа да се реализира сите училишта треба да бидат обезбедени со одржлив пристап до брза интернет конекција, значи во овој момент ги имаме благодетите на партнерството помеѓу приватниот и владиниот сектор со помош на меѓународните организации, но мора да мислиме во иднина како да го направиме тој систем одржлив, да се постигне принципот од 5 до 15 ученици по мултимедиален компјутер и да се осигура пристапност до едукативни мултимедиални ресурси на интернет до крајот на 2015 година.

Сите овие цели се направени, имајќи ги во предвид структурата на наставниот кадар и

годините и возраста на наставниот кадар кој во овој момент постои во Република Македонија.

Покрај тоа, согласно европските препораки, мора да се води грижа и за оние ученици кои, за жал, го прекинале своето образование и затоа на сите ученици кои го напуштиле училиштето мора да им се овозможи да станат дигитално писмени, а на секој невработен да му се понуди можноста да биде дигитално едуциран преку доживотниот систем на учење.

Наместо некои градоначалници да ја сфатат децентрализацијата како шанса за зближување со своите гласачи за понуда на реална перспектива и на иднина создавајќи услови каде ќе можат да се едуцираат со помош на информатичка и комуникациска технологија, за жал, тие децентрализацијата ја сфаќаат само како шанса да променат некои директори и затоа на пример во Кисела Вода или во Прилеп имаме хаос каде некој функцијата градоначалник и процесот на децентрализација го сфаќа само како кршење на постапката и менување на директори.

Препораките кои се произлезени во вој сегмент се врз база на реалните услови каде често се случува не што нема компјутери туку таму каде има да ги украдат, но мора да се обезбедат услови не само за одвивање на наставата по информатика во основното образование и во средното секако, туку и задолжително со новите курикулуми да се обврзат на ставниците по другите предмети да мора тоа да го прават или во својот наставен материјал да мора да користат и информатичко комуникациска технологија.

Првиот проблем со кој ќе се судриме се човеките ресурси односно тоа се професорите по информатика, но и информатичката обученост на професорите по неинформатичките предмети. Затоа мора да се воведат наставни содржини од областа на информатика и на факултети кои имаат педагошки насоки односно педагошки факултети со педагошки насоки кои можат да изведуваат, доколку се сертифицирани за тоа и настава во основното образование.

Како оваа програма да ја направиме одржлива? Нормално ќе го напишеме тоа, но како што се согласија неколку пратеници до сега, мора да работиме на одржливоста на оваа стратегија.

Системите за учење на далечина, доживотното учење и други флексибилни форми на учење, како и можностите за развој и презентација на мултимедијски и повеќејазични содржини се само некои од примерите за местото на информатичко комуникациските технологии во новото образование.

Грижа на секоја влада мора да биде подигање на образовнотониво на населението. Ако ја погледнете структурата на невработените ќе се види дека повеќе од 50% од таа структура на невработени се со ниско односно без или помало од основно до осмо одделение образование. Тоа не е проблем само во нашата држава, Европа го има тој проблем на нови вештини кои се бараат од страна на вработените кои мора да ги задоволат новите потреби на економијата.

Затоа грижа треба да биде на Владата или на локалната самоуправа, како што напоменав, да направи приспособување на дел од својата инфораструктура кон овозможување на услови каде граѓаните ќе можат да се прејудицираат, да се доедуцираат и да бидат способни да добијат вештини кои можеби во претходниот период не им требале на своето работно место, но кое без тие вештини не можат денеска да се појават на пазарот на трудот.

За да може таа обука полесно да се изведе, дигиталното описменување на населението мора да биде следено со понуда на решенија на јазикот или на македонскиот јазик или јазикот на заедниците. Затоа мора посебно внимание и тоа ме радува што е посветено на издавање на литература пред се од информатичко комуникациската технологија по стандарден или мултимедијален формат сертифицирана, потврдена, стандардизирана со која ќе може и таа обука полесно да се изврши, но со која ќе може да привлечеме некои луѓе полесно да се решат да тргнат во процесот на дообразување или стекнување на ново образование.

Се разбира, доживотното учење, тој систем мора паралелно да биде следен со подобрување на задолжителното образование, мора да се направи ревизија и тука е понудено во Програмата на курикулумите во основното и средното образование и повторно да нагласам не само на воведувањето на информатиката како предмет уште од IV одделение во ова нова деветлетка, туку и во примената на информатичката и комуникациската технологија во изведувањето на наставата во другите предмети.

Во таа промоција на доживотното учење мора да се одредат центри кои ќе може да се остварува тој систем на доживотно учење, реков тоа треба да биде задача на Владата или на локалната самоуправа. Секако тоа може да се случи и постојат примери во светот каде неформално во разни институции, во разни организации постои можност за неформално учење користејќи информатичка и комуникациска технологија и тоа во организации каде тоа е секундарна функција.

За овој систем да биде одржлив многу е битна институционалната рамка односно како што е предвидено треба да се редефинира статусот на постојните образовни институции кои профилираат информатички и комуникациски кадри. Тука беше кажано од пратеникот Асани дека не е започнат Болоњскиот процес, прво да реагирам, не е скопски тој универзитет, тој е Универзитет Свети Кирил и Методиј, од подамна е започнат тој процес и е во напредна фаза на многу факултети, барем знам дека е со Електротехничкиот факултет, но бидејќи потребите и вештините кои треба денешните млади луѓе да ги имаат се недоволни да се продуцираат од еден факултет или од Природноматематичкиот факултет мора да дојде

до редефинирање на некои не само постојни високо образовни институции, туку да се направи некоја нова која ќе продуцира нови кадри.

Бидејќи, ако повторно ја погледнете структурата на невработените лица во Македонија, тогаш ретко, или никаде нема да најдете невработен инжењер близок до компјутерските науки. Во таа институционална рамка многу е битно да се формира и некоја институција за кредитирање на тие центри во кои што ќе се промовира доживотното учење и каде што ќе може да се издаваат сертификати кои ќе помогнат во процесот на реализација на доживотното учење за да не може било кој целиот тој процес да го тера. И се разбира поддршка на научно-истражувачките мрежи, на пример како што е Марнет која што е подлога за полесна комуникација на универзитетите во Република Македонија. Се разбира, сите овие активности мора да бидат проследени и со регионална и поширока соработка, мора да бидат вклучени, или мора да бидеме дел од тимот на проекти, дали се тоа со кратез или рокенс кул нет проектите каде што ем ќе се стекнува со знаење, ем ќе пренесуваме и дел не само од нашето знаење, туку и култура пошироко. Дека ова исто не е само така напишана програма, дадени се и конкретни проекти. Не би сакал сега премногу да ги елаборирам. Ни треба место во Министерството за образование каде што ќе се централизираат сите активности кои што се извршуваат и тоа да биде на транспарентен начин видливо, мора да дојде, се надевам за тоа дека имам поддршка, мора да дојде до промена на корикулумите во основното и средното образование. Министерството мора да се реши во рамки на водењето на политика со учебникарството да започне и политика во електронското издаваштво, бидејќи ако на пример вие имате и тоа е еден од првите проекти, ако првиот буквар вие го имате и во електронска форма, или се наоѓа на форталот на Министерството за образование, тогаш нема само ученикот да биде заинтересиран да пристапи до него, туку и неговите родители кои што можеби и немаат информатичко комуникациско знаење ќе сакаат да бидат дел од тој систем и ќе сакаат да проверат што се случува. Ме радува што Министерството заврши еден тендер каде што има пилот проекти во кои што на едно место ќе можат да комуницираат и ученикот и наставниот кадар и родителот за да целиот систем се заокружи, бидејќи процесот на образование велиме дека е најзначаен, многу битен за развојот на една држава и не може никој да остане на страна од тој процес. Затоа во рамки на тоа електронско издаваштво мора да се обрне посебно внимание за наставен материјал на македонскиот јазик и се разбира јазикот на заедниците во Република Македонија. Таков едукативен софтвер на македонски јазик и на јазикот на заедниците е повеќе од потребен и мислам дека дел од иницијативи и досега се направени и мислам дека набрзо и ќе се појават конкретни решенија.

На крај, уште еднаш само да резимирам, денешните искуства кажуваат дека не постои развој на една држава без образованието да игра клучна улога во водењето на економскиот развој. А клучна улога во остварувањето на образованието е масовната примена на информатичката и комуникациската технологија. За жал, во 2001 не била видена и не е дел од стратегијата. Но, за среќа сега е една од клучните столбови во рамки на оваа програма.

Како и пратеничката група на СДСМ, како дел од пратеничката група на СДСМ јас ќе дадам поддршка на оваа Програма.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам почитуван претседателе.

Членовите на Новата Социјалдемократска партија се единствени пратеници од овој парламентарен состав кои не учествуваат во работата на собраниските тела и комисии. Тоа значи дека немаат можност сопствените размислувања и ставови да ги изнесуваат на комисиски расправи. И затоа ја користам можноста на парламентарната расправа да го искажам сопствениот став и размислување по предложената Национална програма за образование, но исто така и да ја изразам поддршката на Новата Социјалдемократска партија на сите програмски иницијативи и законски проекти кои отвараат перспективи и се во функција на унапредување на перспективите и условите за живеење на граѓаните на Република Македонија, но исто така, и за подобар начин на комуницирање и партиципирање во Меѓународната заедница.

Ќе дискутирам за понудената програма без да ги коментирам состојбите во образованието заради тоа што од повеќе мои колеги во досегашната расправа беа и посочени, а и заради тоа што на сите мошне добро ни се познати од едноставна причина што не сакам оваа моја дискусија да се сфати како евтин политички маркетинг, туку побудите за да дискутирам и да го искажам сопствениот став се чисти и многу подлабоки отколку можеби на некој што ќе му прозвучат.

Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година, веќе и еден мој колега во својата дискусија спомна по логика на нештата би требало можеби да се разгледува и за неа јавно да се дебатира и дискутира во некој период пред 2005 година, односно некаде кон крајот на 2004 година за да тој годишен циклус за кој расправа, или за кој треба да се унапредува образованието е некаде 2005 до 2015 година. Без разлика на тоа што некако со задоцнување ние дискутираме за оваа Национална програма, јас верувам и сигурна сум дека многу активности кои се дел од оваа Национална програма за образование веќе се започнати и активно се работи во образованието. Образованието како основно човеково право има

за цел да обезбеди на граѓаните да се оспособат да го подобрат својот начин на размислување, делување, а со тоа и својот начин на живеење. Современите текови и развојот на компјутерската технологија неминовно наметнуваат нов начин на комуницирање и зближување на народите, разменување на материјални, културни, идеолошки добра. Доколку сакаме побрзо да се интегрираме во Меѓународната заедница и да станеме дел од развиениот свет час поскоро треба сите да се ангажираме во насока на реализација на целите, принципите и препораките кои се зацртани во меѓународните документи за развој на образованието во Европа и во светот. Тоа значи сите на национално ниво треба да се ангажираме во насока на градење на образовен систем кој ќе овозможи со новите стандарди Република Македонија да биде респектирана како земја кандидат, а во иднина член на Европската унија. Мисијата што ја има Националната програма за развој на образованието треба да се реализира преку повеќе стратешки области како што е образување за сите. Образување за сите има за цел да овозможи развој на образовните можности за сите без разлика од каде потекнуваат, дали потекнуваат од рурални, или пак од урбани средини и без разлика на дел од жителите, граѓаните на Република Македонија кои имаат и посебни потреби за да можат да се образуваат нормално како и сите во Република Македонија.

Децентрализација на образованието. Во самата Национална програма се евидентирани состојбите кои укажуваат на тоа дека образованието во Република Македонија е мошне централизирано, многу често имаме преклопување на надлежности кои се однесуваат на централно и на локално ниво. Потоа, исто така, во функција се несоодветни училишта и несоодветна училишна мрежа оптеретена со фактографија, минимална можност за информатизација, многу амортизирани објекти, недостиг на финансии, демотивиран наставен кадар итн. Сите овие констатирани состојби во образованието наметнуваат потреба од реорганизирање на локалната самоуправа сигурно со промена на доста законски решенија, исто така и на подобрување на менаџментот и управување со образованието, поефикасен систем на финансирање, поголема ефикасност и професионализација во образованието, изградување на систем на училишна мрежа, исто така унапредување на училишно самоуправување, обука на менаџментот, постојано монитирање на процесот во училиштата.

Мошне значаен елемент во образовниот процес е финансирањето. Досегашниот начин на финансирање крајно деградирачки е еден од елементите кој на некој начин придонесува и за целосната ерозија на образовниот систем. Мерките што се предлагаат во Националната програма не верувам дека до крај ќе придонесат битно да се измени материјалниот статус на вработените во образованието, иако сметам дека е битна да се намалат непотребните расходи, да се води сметка за приоритети на државата, воведување на систем на финансирање кој стимулира квалитет и ќе ги обесхрабрува неквалитетната работа и манипулации во образовните установи. А повеќе од сигурно е дека треба да се почитуваат основните критериуми како што е број на учениците, состојба на инфраструктура, како и квалитетот на образовната работа. Целта како што е подигање на образовното ниво на населението заслужува внимание посебно ако се има во предвид образовната структура на населението. А од табелата што ни е дадена во Националната програма можеме да видиме дека невработени и школска подготовка што е дадена, некако бројките и не соодветствуваат со бројки кои ги знаеме, или со кои се манипулира кога се говори за бројот на невработени. Но, овде стои дека вкупно 315.900, без образование има 3700, со незавршено основно образование има 16 700, основно образование 11 2600, со тригодишно средно образование 49 илјади, четиригодишно средно 108 400, со вишо образование 7 700 и со високо образование 17 700. Ако се проанализира оваа табела, тогаш може да се каже дека состојбата и образовната структура на луѓето кои се невработени кои очекуваат, или бараат работа не само што загрижува, туку алармира и дека нашата визија да станеме дел од современиот свет станува тешко остварлива. Час поскоро треба да се преземат активни мерки за подобрување на оваа структура посебно во некои етнички заедници.

Унапредување на културата како област е значајна. Таа овозможува зајакнување на интелектуалниот раст, ефективно воспитно образовни установи исто така, унапредување на наставата и учењето, професионално усовршување на наставниот и раководниот кадар, контрола на квалитетот во образование, обезбедување на доживотно учење се значајни елементи за подобрување на интелектуалната состојба на населението и останатите подрачја од општественото живеење.

Националната програма како што се зголемување на социјалната партиципација, зголемување на компетативноста на македонското општество, унапредување на меѓународна соработка се добра теоретска основа за градење на современ образовен систем компатибилен со развиениот свет. Но, добро е ако ова стане наша реалност во иднина, а не само добра теорија, или добра желба во одреден временски период.

Поддржувам и се залагам за Национална програма зад која ќе застанат сите не само во нејзина поддршка, туку и за нејзина реализација, затоа што од избори до избори актерите можат да се менуваат, но определбата за современо општество со современ образовен систем треба да биде трајна определба. Само така ќе докажеме

дека местото ни е меѓу големата Меѓународна заедница.

На крај почитувани колеги, уште еднаш сакам да потенцирам дека Новата Социјалдемократска партија ќе ја поддржи Националната програма за образование.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Станковска.

На ред е за дискусија госпоѓа Силвана Бонева, но таа е со делегацијата која што ќе патува во Америка, има обврски.

Има збор Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Многу работи се искажаа од претходните дискутанти во делот на Националната програма за развој на образованието во Република Македонија. Јас искрено не сакам да се повторувам со колегите и она што го кажаа, меѓутоа само еден мал сегмент би сакала да опфатам. Имам едно конкретно прашање до заменик министерот, кое е упатено до мене како пратеник од третата изборна единица, меѓутоа и на ниво на наставници на Република Македонија. Задолжена сум да го прашам во делот кој се однесува на образовниот процес.

Прво што сакам да кажам, значи појдовна основа почитувани колеги пратеници за нас е она што го имаме во моментот, а тоа е нивото, или како што е наведено во делот подигање на образовното ниво на населението, ние мораме да ја кажаме фактичката состојба за да можеме врз основа на неа понатаму да ја градиме Националната проограма за развој на образованието за периодот 2005-2015 година. Фактичката состојба го покажува следново. Согласно статистичките податоци дадени од Државниот завод за статистика објавени во самата Програма на страна 30. Во него се вели вака, дека од бројот на невработените во Република Македонија школската подготовка согласно овие бројки пишува дека се 315 900 невработени, иако министерот за труд и социјална политика вчера кажуваше бројка од 358 илјади. Ќе го кажам она што е напишано. Значи, без образование имаме 3 700, тоа се 1,17%, со незавршено основно образование имаме 16 700, или 5,29%. Со основно образование ние во Република Македонија имаме 112 600 луѓе, тоа се 35,64%. Со тригодишно средно образование имаме 49 100, или тоа е 15,54%, со четиригодишно средно образование имаме 108 400, тоа се 34,31% од вкупниот број на невработени, со вишо образование 7 700, или 2,44% и она што е најтрагично за мене со високо образование имаме само 17 700 невработени, значи лица со високо образование тоа се 6%. Значи, најголем учесник во вкупниот број на невработени се лицата кои имаат завршено основно образование, тоа се 35,64%.

Онаа другата табела која е дадена за вкупното население во Република Македонија, или школската подготовка со која располага и според Статистичкиот годишник од 2004 година каде имаме вкупно население 1.579.500 со школска подготовка, така е напишано во Статистичкиот годишник, значи без образование 3,85%, со незавршено основно образование 10,77% од вкупниот број на население со соодветна школска подготовка. Значи, со основно образование 34,77%, тригодишно средно образование 10,64%, четиригодишно 29,45%, вишо образование 3,24% и високото образование од вкупното население дадено во Статистичкиот годишник е 7,28%. И сега врз основа на сите овие податоци ние треба да изградиме за наредните десет години една Национална програма за развој на образованието. Оваа Национална програма, почитувани колеги, има и визија, има и мисија како глави дадени во Националната програма, има и вредности и принципи врз кои се потпира Националната програма.

Но наведени се и клучните подрачја за интервенција, а дадени се, верувајте, многу. Значи, никаде во образованието во Република Македонија немаме кристална ситуација, за нешто барем да се рече, еве ова на нас како дел од образованието ни е средено. Такво нешто нема. Имаме во сите сегменти, почнувајќи од почетокот на образовниот процес со сите инспекции и надградби натаму и доживотно учење и се она што е предвидено со оваа Национална програма, изгледа дека ние немаме еден сегмент со кој нас ни е решено да имаме некоја чиста ситуација. А, целта на образованието или на образовната политика на секоја земја е да обезбеди можности за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи и да осигура дека истите поседуваат знаења, вештини и ставови кои се во согласност со барањето на општеството и пазарот на трудот. Ние пазар на трудот немаме никаков. За тоа се расправавме и со министерот за труд и социјална политика на претходните седници кога се зборуваше за Агенцијата за привремено вработување и за Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, каде што министерот потенцираше активни мерки за зголемување на флексибилноста на пазарот на трудот. Тоа го немаме во областа на трудот, а не пак да бараме во делот на образованието. Само велам можеби за оваа Национална програма која ќе трае во период од 10 години и нешто ќе се постигне и дај боже да е така.

Она за што зборуваа колегите, реков дека несакам да се повторувам, меѓутоа ми остави впечаток ова унапредување на наставата и учењето, досегашниот процес на настава и она што се планира со оваа Програма да биде како десетолетка. Ова се однесува за 10 години, што се сака да се псотигне со оваа Национална

програма и оној дел на зајакнување на системот за иницијална обука и професионално усовршување на наставниот и на раководниот кадар.

Една мала забелешка до предлагачот на Националната програма, на страна 43 се вели дека " во наредниот период иницијалната обука и професионалното усовршување на раководниот кадар во училиштата (директорите)". Не се само директорите раководен кадар во училиштата. Зошто го меревме Законот за основно и средно образование кога имавме училишен Одбор со соодветни надлежности, што значи не само директорот како единка или поточно да кажам треба да му се всади еден чип за менаџирање со образовната установа, тука ние го имаме и Училишниот одбор кој е составен од мешана структура на луѓе и претставници на единиците на локалната самоуправа, од Министерството, од Советот на родители итн. Кога веќе зборувам за ова, за зајакнување на системот за иницијална обука и професионално усовршување на наставниот и на раководниот кадар, имам едно конкретно прашање до заменикот министер. Значи, наставниците по ОТП изразија загриженост за нивното место во целокупниот образовен систем, кој ние сакаме да го направиме со оваа национална програма за развој на образованието. Јас можеби институтот пратенички прашања можам да речам дека е поповолен, меѓутоа со оглед на фактот дека Собранието треба да има парламентарни избори и незнам дали ќе биде закажана седница, но јас искрено загрижените наставници по предметот ОТП инсистираат одговор дали тие истите наставници, согласно оваа Национална програма ќе останат без работа, затоа што како предмет ОТП во сите училишта, колку што знам е укинат и дел од нив колку што сум информирана влегуваат во делот на образовниот процес кој се однесува на информатиката, меѓутоа, би сакала конкретен одговор од страна на заменикот министер, кога веќе зборуваме и кога определена категорија наставници, за кои и самата Национална програма вели дека треба да се усовршуваат, треба да се едуцираат и да се надградуваат, дури и да имаат степен на наградување и вреднување, па развој во кариерата итн. Искрено би сакала да ми биде одговорено од страна на заменикот министер, за да знаат и луѓето каде е нивното место во целокупниот систем на образование.

Инаку, јас лично би ја поддржала Националната програма за развој на образованието и со надеж дека, барем 50% од она што е напишано тука се, да биде остварено во овие 10 години, ќе биде пак некаков чекор, колку да немаме никаков напредок, со оглед на брзината и темпото со кое се развива општеството, независно дали се работи за македонското општество, иако тоа 15 години е во процес на транзиција, белки ќе излеземе од тој процес на транзиција и ќе почнеме нешто здраво да работиме во наредната декада. Благодарам

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Три минути реплика има заменик министерот за образование и наука, господин Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Сосема кратко за јавноста и за тие наставници. Тие имаат свое здружение и имаа три официјални средби со мене на кои што на раководството на тоа нивно здржение детално им ги објаснив сите наши идни чекори, намери и планови во кои што и тие се вклучени. Тоа значи дека постои односно се подготвува една нова студиска програма во која тие ќе стекнат доквалификација, преквлаификација на својата стручност за вклучување по предметот техничко образование со информатика, кое ќе биде во основното образование, за да може во еден краток временски период да го надополниме недостигот на кадрите кои би биле неопходни за предметот информатика во внесување во новиот наставен план и програма за основно образование во четврто одделение. Така, тие потполно се сложија и учествуваат со свои претставници во Бирото за развој на образованието, на промена на наставните планови и програми по примерот на Словенија, Хрватска донесоа компаративни анализи и не треба да бидат загрижени, ние никого не намераваме да оставиме на улица. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господин заменик министер. Продолжуваме понатаму со расправата .

Има збор пратеникот Мустафа Неждет.

Повелете господине Мустафа.

**Мустафа Неждет:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници,

На оваа сензитивна атмосфера во однос на Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година, не би можел да поминам без да го дадам мојот придонес, особено со акцент на мојата ромска заедница. Морам да ви кажам дека со огромна внимателност го следев текстот, содржината на Националната програма и со за мене барем огромно охрабрување имам надеж дека во следните години во Република Македонија ќе создаваме едно образование на кое што можеме да се престројуваме на овие европски рамки. Тоа мене лично ме загрижува и што навистина сакам да ви ја пренесам мојата сугестија е во однос на досегашните искуства во однос на ромската заедница и грижата за образованието на ромските деца. Користејќи ги вашите примери, јас ќе се потрудам само на пет минути да приложам една актуелна ситуација во образованието на ромите во Република Македонија. Значи, се повикувам на содржината на оваа Програма со сета надеж дека ќе можеме да се прилагодиме токму на идејата и на ромската декада 2005-2015 година. Не е случајно што се смета дека образованието заедно со

вработувањето го поседуваат најголемиот потенцијал за идниот развој на секоја заедницца.

Најсигурниот пат за излез од сиромаштијата, а пред се и поттикнувањето на вработувањето и подигнувањето на степенот на образованието,токму се насоките на оваа наша програма која што ја имаме денес пред нас. За жал, сегашнава ситуација со генералното образовно ниво на ромите е мошне незадоволителна. Неписменост или нискиот степен на образование кај оваа категорија на население продолжува да се форсира спиралата на сиромаштијата, а со тоа е врзана и високата стапка на невработеност.

Документите кои што се подготвени по повод декадата на ромите наведуваат дека во принцип ромите се посиромашни од другото население и веројатноста да останат во сиромаштијата е многу поголема заради низа фактори кои делуваат инхибирачки. Конкретно што се однесува до образованието во земјата, во регионот, уписот на основните училишта кај ромските деца е за 20 до 30% понизок, одколку на не ромите и осипувањето на запишаните е над два пати повисок кај ромските, одколку кај нeромските деца. Еве, ќе посочиме неколку податоци во Република Македонија кои говорат дека степенот на невработеноста е директно врзан токму со категориите на лица со пониско образование и тоа во 1996 година, степенот на невработеноста кај лицата без завршено основно училиште изнесува 36,2%. Кај оние со завршено осумгодишно училиште со 40,2%, а кај лицата со заврШено средно стручно образование е 33,9%Степенот на невработеноста е видлив помал само кај категоријата на лица со заврШено високо образование, значи 15,2%. Понатамошните трендови покажуваат дека според пописот од 2002 година од населениетокое во Републиката е постаро од 10 години 63.562 или 3,6% се официјално неписмени, од кои кај жените имаме 5,5% неписменост, а кај мажите 1,7%. Без образование се 67.358 лица, а со недовршено се 219.507 лица. Иако овие податоци се однесуваат на целокупното население на Република Македонија, се смета дека само едно од 10 ромски деца завршуваат основно училиште. Други податоци говорат дека 24% од ромите постари од 25 години се неписмени и дека половина од ромките се неписмени. Податоците во Програмата за развој на образованието од 2005-2015 година, прикажуваат исто така алармантен тренд, бидејќи процентот на лица без образование или со незавршено основно образование на национално ниво е околу 14%. Додека процентот на оние со завршено основно образование е 35%. Тоа значи дека околу половина од населението во државата има ниско ниво на образование или пак е неписмено.

Индикативно е тоа што, иако завршувањето на основното училиште е законска обврска, тоа сепак во реалноста не се почитува. Осипување на ромските деца кои се одвиваат со геометриска прогресија како што се оди на повисоко ниво во образованието, може да се проследни и од предложените податоци. Се смета дека 20% од ромите кои завршуваат основно училиште го продолжуваат своето школување во средно училиште. Во 2002 и 2003 година, академска година ромите претставувале 0,3% од ново запишаните студенти. Споредено со претходниот тренд оваа бројка е значајна, бидејќи во апсолутни броеви, вкупниот број на студенти роми е 134, што е досега најголем број. Почитувани мои колеги, за ова сакав да ве известам накратко во каква состојба се наоѓа Ромската заедница во однос на образованието и сметам токму дека мојата целосна поддршка во однос на Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 до 2015 година се насочува токму кон тоа со надеж дека ова ќе се совпадне со декадата 2005-2015 година. Со надеж дека искрено во однос на досегашните искуства што беа во Република Македонија, дефакто дека имавме целосна негрижа во однос на подобрување на образовниот стандард на ромите, на Ромската заедница во Република Македонија, верувам дека со имплементацијата на оваа Национална програма 2005-2015 активно ќе бидат вклучени ромите и Ромската заедница. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Анастасовски Иван. Повелете.

**Иван Анастасовски:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници што сте во салата, господин заменик министер,

Се јавив за збор по однос на Националната програма за развој на образованието на Република Македонија 2005-2015 . Бидејќи немав прилика како член Комисијата за образование, наука и спорт да го кажам, земав обврска денес по однос на точката да дадам некои мои видувања. Инаку, генерално позитивно имам за она што е напишано и она што всушност Министерството го има зацртано и детектирано како Национална програма во наредниот период. Тоа е навистина за поздравување.

Би тргнал со ред, бидејќи веднаш во целите на Програмата како Министерство кажувате една реченица која според мене е навистина силна. Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ критички да размислуваат, да прават избори да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштијата и е клучен елемент на економскиот и социјален развој. Една ваква реченица, навистина, се покажа како продуктивна во Франција каде што студентите успеаа еден закон за кој мислеа дека не е продуктивен да го вратат од владина поцедура и тој да не биде изгласан од парламентарното мнозинство. Верувам дека во понатамошниот период оваа реченица, овој пасос навистина ќе најде и свое влијание кај нас во Република Македонија.

Понатаму, она што се кажува за визијата која ја има зацртано Министерството во наредниот период, се кажува дека Република Македонија настојува да биде рамноправен и респективен член во европското и светското опкружување и тоа е нејзина трајна ориентација. Таа е цврсто решена да чекори по патеките на современото уредување на државата, каде образованието обуката, културата , науката и иновациите претставуваат клучни фактори за добрата состојба на нејзините граѓани и јакнење на националната економија. Јас лично верувам во оваа визија, меѓутоа, секогаш додека бев член на Комисијата за образование наука и спорт апелирав државата никогаш да не штеди пари во она што значи фундамент за основното образование. И, генерално во образованието државата не треба тука да биде, да речам, стегната односно да ги отвори трезорите и едноставно од својот Буџет да одвои максимален процент на средства кои навистина ќе го унапредат образованието во Република Македонија . Ние во таа насока, бидејќи како пратеници имаме право да даваме одредени иницијативи и предлози со координаторот на тогашната моја пратеничка група и со така еден според мене предлог кој најде генерално од македонската јавност одобрување во основното образование да воведеме задолжителни изворни предмети, како што се информатика и странски јазици. Тоа верувам дека сега ќе се оствари и тоа е навистина за поздравување.

Од друга страна во она што значи децентрализација на образованието, бидејќи другите колеги говореа за тоа , вие навистина реално ги имате отсликани состојбите кои во моментот се соочува образованието во Република Македонија. Вие кажувате "прво, екстремно централизирано образование, преклопување на надлежности, несоодветна училишна мрежа, недоволен опфат, доминација на фактографијата, минимална информатизација, амортизирани објекти, хроничен недостиг на финансии, демотивиран наставен кадар итн".

Јас сакам само да се задржам на она што значи амортизирани објекти каде што реално, морам тука да го пофалам Секторот за евроинтеграции, кој преку Норвешка донација, успеа во мојата општина Куманово да донесе финансиски средства за еден училишен објект кој бил изграден во 1945 година, кој до ден денес буквално и тревата не беше искосена во тој училишен објект и човекот кој го води тој Сектор во тоа Министерство и амбасадорот кога дојдоа во општина Куманово да го посетат тој објект, всушност, се уверија во какви услови учат тие ученици таму. Благодарение на нивната активност успеавме тој објект денес да го направиме навистина современ објект каде што учениците од тој дел од општина Куманово да имаат извонредни услови за работа.

Верувам дека таквите активности ќе продолжат. Нема да се застане на тоа. Тоа е само еден пример од она што го имам јас во мојата општина. Во Република Македонија верувам дека има огромен број на такви амортизирани објекти за кои Министерството не треба да штеди, туку треба едноставно да ги помага и да создаде извонредни услови на децата за одржување на настава.

Секогаш сум говорел дека наставните програми посебно во основното образование треба да подлежат на промени и верувам дека се работи во тој правец, бидејќи во вакви услови има предмети кои реално не нудат перспектива и просперитет во образованието и се само дополнителен товар на децата во основното образование.

Од друга страна, она што го кажувате на почетокот, екстрематизирано образование верувам дека законите кои ги донесовме за децентрализација посебно во делот на образованието полека, полека во Република Македонија ќе создадат услови градоначалниците и советите на општините да си ги преземат реално своите надлежности. Тие се тие кои ќе можат најдобро да се грижат за објектите и за квалитетот на образовниот процес, а во секој случај помошта од Министерството и централната власт ќе биде добродојдена.

Бидејќи многу колеги пред мене говореа за оваа национална програма, по однос на ова не треба да се води политика и да се бараат одредени разлики, јас мислам дека сите сме согласни за тоа дека навистина во Република Македонија е потребно да се подигне нивото на образованието. Јас имам впечаток дека во последните 5-6 години и во други области на општественото живеење се подигнаа над она што значи потреба на нашата младина, образованието, а искрено мислам дека во секое цивилизирано и модерно општество образованието е сегмент број еден на секое општество. Тоа е двигател за општеството да оди напред, меѓутоа ние имавме такви состојби во Република Македонија што некои други области го заземаа тој примат, но верувам дека ќе се врати тоа во нормала.

Затоа ви давам целосна поддршка на една ваква програма. Верувам дека таа ќе даде свои позитивни ефекти во наредниот период. И понатаму ќе успеваме да ја надоградуваме и да извадиме максимум од она што значи усовршување, унапредување на образованието во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Ќе се обидам накратко што може да ги дадам забелешките на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за националната програма за развојот на образованието.

Првиот наслов што му беше даден на овој документ беше "Предлог национална програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005 до 2015 година". Документот излезе од печат 2004 година, оттогаш па наваму претставниците на Министерството за образование кои јавно го промовираа овој текст самите малку по малку започнаа да го нарекуваат "Стратегија за развој на образованието". Ова преименување не можеме да го сфатиме поинаку освен како свест дека документот не ги исполнува условите на една програма. Сепак, документот стигна на усвојување до Собранието речиси во неизменета содржина од онаа што ја добивме во 2004 година.

Со оглед на тоа што од првото нацрт-издание до последното финално издание поминаа две години прашуваме како е возможно еден таков текст да дојде на усвојување на Собранието и покрај тоа што и самите негови изготвувачи биле свесни за очигледниот факт дека тој не претставува програма. Уште повеќе што на ударните вести на телевизиските станици и во печатените медиуми во државата го најавија тој текст пред кратко време како почеток на револуцијата во сферата на образованието и како документ што како волшебно стапче ќе ги реши на најдобар можен начин сите проблеми со кои досега се соочувало нашето образование.

Во толковните речници што ги консултиравме програма значи план за дејност односно план за идни настани, содржина на впишани дела или користени. Имено, програмата претставува текст во кој јасно е наброено она што се планира да се спроведе за да се постигне саканата цел. Во случај кога целта што си ја поставува програмата и реформата не цел еден сектор од општествената целина и тоа еден од најзначајните нејзини сектори, програмата мора да биде текст кој нуди решенија што произлегуваат од законот.

Тие решенија мора да бидат јасни и концизни, да ги дефинираат сите последователни чекори преку кои ќе се оствари секој од елементите што ја компонираат глобалната цел на реформата. И мора да има временска табела, да биде набележано што се се планира да се реализира во секоја година односно во секоја половина од секоја година, затоа што така е поделен образовниот процес во периодот на кој програмата се однесува 2005 до 2015 година.

Ако програмата се однесува на периодот 2005-2015 година таа мора од Собранието да биде усвоена најдоцна во 2004 година, затоа што како инаку ќе почне реализацијата од 2005 година. Со оглед на тоа што е програма, а образовниот процес претставува систем таа на првата своја страница мора да го има графиконот на образовниот систем на Република Македонија што со помош на водството што таа го обезбедува ќе биде унапреден така да соодветствува со очекувањата за солидно образование на граѓаните на Република Македонија и секако со очекувањата на оние што ја подготвиле програмата.

Од четивото што е понудено како национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година не може да се стекне впечаток дека тоа е понудено како документ за усвојување во една правна држава, затоа што ако сме правна држава програмите кои го утврдуваат патот на дејствувањето мора да бидат затемелени на закон. Оваа програма само укажува на тоа дека треба да се донесат закони и да се направи извор од сите оние практики кои се регистрирани во образовните системи на другите земји. Значи, пред нас нема програма туку потсетник дека треба да избираме од повеќе алтернативи за да стигнеме до формата на нашиот образовен систем.

Во текстот што е понуден како програма внимателното читање открива спој на две различни нешта.

Прво, пароли за дејствување кои не потсетуваат само на старите социјалистички четива, туку и потврдуваат дека се преписи од нив затоа што искажуваат предлози што соодвествуваат со стари организациони структури на Владата кога постоело Министерство за образование и спорт или Министерство за образование, спорт и култура, како и современи погледи на нештата кои со несмасниот превод нагледно откриваат дека се невешт превод од документ на други држави.

Влијанието на овие два извори на податоци врз програмските решенија ни открива дека таму каде што се најдени законски решенија тие се произлезени од социјалистичките пароли, а странските преписи имаа само улога да го украсат текстот и да ги залажат оние што очекуваат од органите на власта на нашата држава дека законодавството, во случајот законодавството што ја регулира образовната сфера ќе биде усогласено со законодавството на државите од Европската унија.

Кои се конкретните забелешки? Сега ќе кажам нешто за големите планови и за малите финансиски можности.

Програмата изобилува со бомбасти фрази за големите очекувања од резултатите по унапредувањето на образованието во државата, а овие оптимистички очекувања се во потполн расчекор со тезите за тоа како се планира финансирањето на образованието. Имено, се планира зголемување на должината за задолжителното образование, се уште нема одлука колку тоа ќе трае, но се знае дека ќе биде подолго од сега, зголемена вклученост во средното образование, зголемена вклученост во високот образование, ред подобрувања на образовниот процес особено воведување на информатичка технологија, но едновремено се нагласува дека делот од средствата што се одделуваат за образованието ќе се намалува затоа што со други домени на јавниот сектор (здравство, пензиски фонд, инвестиции во економската сфера) ќе имаат потреба од

поголеми средства. Значи, во Буџетот на Република Македонија се планира да се намалува делот за финансирање на образованието, но едновремено се прогнозира дека тоа намалување ќе резултира во напредок на образованието.

Некој би помислил дека постои и јасна визија за тоа како ќе се реши расчекорот помеѓу малите можности на централниот Буџет и големите амбиции на образованието. Дека можеби потребните средства ќе бидат обезбедени од буџетите на општините. Не, следењето на текстот на програмата ни открива дека се нема претстава како во иднина ќе течат работите околу финансирањето. Таму пишува: "Развојот на земјата во идниот период, а со тоа и развојот на образованието ќе биде во голема мера терминирано од тоа какви односи ќе бидат развиени меѓу централната власт, регионалните власти и какви модели и механизми за финансирање ќе бидат изградени". Значи, ни се нуди нешто именувано како програма, но тоа не само што не е темелено на појасна финансиска конструкција, туку и воопшто не се знае како ќе течат работите кои што имаат суштествено значење за развојот на образованието кое се планира да биде децентализирано.

И покрај тоа што се истакнува дека буџетот за образованието ќе се намалува низ целиот текст на програмата се истакнува дека ќе се постигне компактабилност со стандардите на Европската унија и пошироко. Тие стандарди воопшто не се дефинирани. Наместо дефиниција се употребуваат стари добро познати пароли од типот создавање клима и култура на управување која ќе го етаблира образованието како значаен фактор и генератор на развојот.

Децентрализацијата на образованието е процес кој се заговара подолго време и кој е еден од суштинските компоненти на реформата во насока на усогласување на нашиот образовен систем со европскиот.

Со оглед на тоа што оваа програма е подготвувана подолго време и што се предлага на усвојување со задоцнување од 2 години за очекување е во неа да бидат решени сите дилеми поврзани со децентрализацијата и да бидат јасно подредени сите чекори што ќе се преземат во следните 10 години на планот на нејзината реализација.

Дури беа направени и повеќе измени и дополнувања во Законите за основното и средното образование за да се обезбеди легалната рамка за спроведување на децентрализацијата. Но, како што нагледно ни открива оваа програма законските измени и дополнувања се правеле со цели кои немаат ништо заедничко со децентрализацијата на образовниот процес, затоа што ако се донеле потребните законски мерки во програмата немало да има место за реченици од овој тип: "Реорганизирање на образовната администрација и менаџмент преку нови закони за локална самоуправа и финансирање на локалната самоуправа". Значи, закон за децентрализација нема, односно програмата се потпира на непостоечки закони.

Ако понатаму ги следиме заговараните планови поврзани со децентрализацијата откриваме несфатливи нешта. Така, во програмата како една од програмските цели се наведува "Прецизно дефинирање и реструктуирање на улогата и одговорностите на административните работници на сите три нивоа. Овие три нивоа би биле Министерство за образование и наука, локалната заедница и училиштата". Како може да се реализира една програма доколку не се решени основните предуслови за нејзината реализација, а тоа е да се знае што е тоа што треба да се реализира и кој тоа треба да го реализира.

Меѓу целите што треба да се постигнат на планот на децентрализацијата стои и ова: "Создавање на услови и можности за поголема партиципација во креирањето на локалниот курикулум од страна на сите заинтересирани училишни и локални субјекти". Оваа цел мораме да признаеме дека е добро разработена. Така, во Законот за основното образование во член 24 стои: "Наставните програми се изработуваат според модел за програми кој го донесува министерот на предлог на Бирото". Во моделот се утврдува и флексибилноста во реализација на наставните подрачја и цели.

Во програмата за развој на основното образование што е придружен акт на оваа програма се дефинира флексибилноста. Националниот курикулум опфаќа 75%, а локалниот курикулум 25%. Во практика ова би требало да значи нашите локални прилики се толку различни што налагаат 75% од програмата по математика да биде дефинирана како заедничка програма за сите ученици од државата, а 25% математиката ќе биде произлезена од локалните услови. Така би било со сите наставни програми.

Имаме чувство дека кога се определува овој однос се мислело само на предметот историја и желбата во него да се вметне етничката разноликост, а се заборавило дека во основното училиште не се учи само историја, туку ред предмети што треба да ги оспособат децата за разбирање на светот и наоѓање во него.

Овде сакаме да потсетиме дека во европските земји, на пример во Ангија во кои била спроведена мерката на голема децентрализација на курикулумот, се дошло до заклучок дека таквата мерка има лош одраз врз квалитетот на образованието. Затоа и се преземаат мерки за зголемување на централизираноста. Овде сакаме да истакнеме дека не се залагаме за централизиран курикулум, туку за децентрализација која ќе даде можност за варијабилност без да го загрози образовниот процес. За почеток за 10-те години на кои се однесува оваа програма како соодветен однос го предлагаме 90% централизиран курикулум, а 10% локален курикулум.

За операционализација на децентрализацијата се наведува дека е потребно да се изгради јасен став во кој дел на образовната сфера државата ќе ја презема одговорноста, а во кој дел одговорноста ќе биде препуштена на локалните субјекти. Овде се признава дека не е исполнет предусловот за реализација на оваа цел,а тоа се индикаторите, механизмите, инструментите за контрола на квалитетот кои треба дури во перспектива да се градат.

Мачно е да се набројуваат сите делови од програмата кои откриваат дека не се изготвени моделите, актите, не се најдени решенијата за остварување на било која цел на реформирано образование. Сепак, има нешто што изгледа како соодветно дефинирано. Тоа е ставот дека државните тела треба да бидат одговорни за екстермната контрола на квалитетот на образовните установи , додека локалните субјекти, пред се образовните установи и локалните авторитети ќе бидат одговорни за обезбедување услови за повисок квалитет во согласност со националните стандарди за квалитет на образованието. Но, не треба да бидеме заведени. Ние не мислиме на отсуство на стандарди, туку на веќе донесените закони. Ова за цел својата легална рамка ја има во законот за просветната инспекција, но колку и да се трудиме во тој закон не можеме да откриеме одредби преку кои се наметнува одговорност за обезбедување на услови за повисок квалитет на образованието. Таму воопшто не се говори за квалитет на образованието, туку за надзор над работењето.

За регионализацијата во доменот на образованието на неколку места во текстот на програмата се споменува регионално ниво. Меѓу другото пишува: " Една од приоритетните цели на државата во наредниот период ќе биде создавање на ефективна мрежа на даватели на образовни културни и спортско-рекреативни услуги како предуслов за развојот на регионите во држава и успешна децентарилазација во образованието".

Во врска со ова, овде го поставуваме прашањето, кој треба да ја направи регионалната мрежа, државата или општините? Доколку ја прави државата таа требало да ја направи пред да започне да ја прави оваа програма и уште понапред пред да ги донесе законските измени за средно образование со кои средното образование станува компетенција на општините. А правењето на регионална мрежа, претпоставува анализа што зема предвид ред нешта, какви што се: Постојната мрежа на основни и средни училишта, инклинацијата на учениците кон средните училишта, местото на живеење на актуелниот наставен кадар во основните и средни училишта, проекти реализирани и во реализација кои имаат регионален опфат, новите иницијативи за основање на високообразовни установи ширум државата итн.

Доколку државата односно Министерството за обазование и наука досега не ја направило оваа анализа и на нејзина основа не ја оформило регионалната мрежа, тогаш со оглед на целта на децентрализацијата зарем не е во духот на оваа цел овој процес да го предводи локалната самоуправа која во согласност со своите досегашни искуства, своите актуелни потреби и можности ќе направи мрежа што соодвествува со потребите на вклучените општини. Зарем во оваа програма со оглед на тоа што регионализацијата не е направена не било соодветно, наместо фрази за потребите да се каже прецизно на кој начин Министерството за образование и наука ќе се стави на услуга на локалната самоуправа во рамките на реализацијата на целта на изградбата на регионалната мрежа.

Понатаму, во програмата нема ниту траг од нешто што го цениме како суштествено, а тоа е дали е потребно во дистрибуцијата на моќта меѓу централната власт и локалната самоуправа да се воведе и регионалното ниво. Такво ниво во општата дистрибуција на моќта во државава не постои, но дали е потребно доменот образованието. Нашиот одговор на ова прашање е дека тоа е неопходно. Неопходно е затоа што основното образование и средното образование влезе во компентенциите на локалната власт, а локалната власт е компонирана од единици во кои има средни училишта и единици на локална самоуправа  во кои тие осуствуваат. Од друга страна и во општините во кои има средни училишта не се застапени сите програми што се нудат на ниво на државата. Имено, доколку не постои регионално ниво во доменот на образованието ќе биде доведен во прашање уставниот принцип за еднаков пристап до образованието. Учениците кои живеат во селски општини нема да можат да го продолжат своето образование. Учениците кои сакаат да учат нешто друго од она што им го нуди нивната општина нема да бидат во можност да го направат сопствениот изобр на училиште. Без регионално ниво нема да биде можно да се одржат институциите на средното образование. Оттаму, како приоритетна цел ја истакнуваме потребата за изградување на легална рамка за функционирање на регионалното ниво во доменот на образованието. Во неа нужно е да се разграничат компетенциите на секое ниво. Како пример што ќе помогне во градењето на легалната рамка за образовната регионализација го предлагаме законодавството на Норвешка. Во оваа земја власта е организирана на две нивоа, исто како и во нашата држава. Но, таму единствено во доменот на образованието е воведено регионалното ниво.

Сега нешто ќе се осврнам на финансирањето на образованието.

Темата на финансирање на образованието е расфрлена низ целата програма, но оваа нејзнина сеприсутност не значи дека се има направено прецизен план за финансирањето на

образованието во следните десет години зафатени во оваа програма. Како илустрација за отсуството на план, ќе наведам неколку цитати: - превземање на одговорноста на образованието значи и одговорност за негово финансирање, потоа се споменува тенденција за слабеење на финансиската партиципација од страна на државата, понатаму, поради што најголемиот товар вели за развојот на образованието ќе падне на локалните буџети. Со оглед на тоа што глобалната цел на програмата е усогласување на нашиот образовен систем со Европскиот. Упатно е да погледнеме како таму е согледано образованието. Таму тоа е сватено како еден од основните предуслови на напредокот и како една од највисоките должности на државата. Ако го следиме процесот на економскиот раст на европските општества, можеме да согледаме дека тој е постигнат со претходна инвестиција во сверата на образованието. Затоа се прашуваме како е можно да се поставува целта на економски раст на државата, а образованието како првиот предуслов за остварувањето на овој раст, да се препушти на можностите на општините. За да се оствари економски раст, нужно е да се подигне образовното ниво на населението во целата држава, а особено во сиромашните општини каде контигентот на образовани луѓе треба да го креира економскиот развој, да ги открие можностите на својата општина и да најде начин за нивна актуелизација. Кај нас некои општини ќе бидат во можност да ја преземат обврската на поднесување на трошоците за образованието, но нивниот број, почитувани колеги, е минорен во однос на оние кои немаат таква можност.

Со оглед на тоа што расправаме за програма, безсмислени се речениците што ги читаме дека Министерството за образование и наука претпоставува дека ќе се избори за дел од Буџетот на државата со кој ќе се обезбеди одржливост на образовните институции. Министерството за образование и наука претставено од било која партија, мора да ја преземе одговорноста за обезбедување на средства за нормално функционирање на образовниот процес во државата. Од финансиската моќ на општината можат да произлезат само одредени разлики во опременоста на образовните установи. Имено, државата мора точно да дефинира што е она што ќе го финансира. Тоа мора да опфаќа се што е неопходно за обезбедување на елементарни услови за работа на училиштата и образовните установи. Мислата на формулата за финанстирање на образованието е токму во тоа, со формулата средствата од централниот буџет треба така да се распределуваат што ќе го обезбедат оптималното функционирање на образовниот процес односно нормално работење на секое училиште на територијата на Република Македонија.

Во однос на подигањето на образовното ниво на населението ќе кажам дека во програмата се наведуваат цели за подигнување на образовното ниво на населението, што се за поздравување. Се говори за поголем опфат на децата во предучилишните установи, за акции кои ќе го намалат осипувањето на учениците, за 35.000 студенти на еден милион жители итн. Меѓутоа, остварувањето на овие цели претпоставува свест за конкретните мерки што ќе се преземат за остварување на секоја цел одделно, како и обезбедени предуслови за остварување на овие мерки. За жал, таквите мерки и гаранции за нивното остварување, во програмата не најдовме. Најдовме само пароли од типот - ќе се преземат иницијативи за зголемување на атрактивноста и ефикасноста на високото образование и слично.

Ако се поврзат големиот број на цели што ги набројува оваа програма, тогаш го поставуваме прашањето, зошто во неа отсуствува идејата за универзитет на Источна Македонија. Нели се планира децентрализација, приближување на образованието до неговите корисници, поврзување на образовните програми со регионалните потреби на економијата, учество на образованието во поттикнувањето на регионалниот развој итн. Ако се планира толку големо подигнување на бројот на студенти, зарем во тој број не треба да учествуваат и младите од едната половина на нашата држава.

Оваа програма открива потполно отсуство на свест на Министерството за образование и наука како нејзин предлагач, за потребата високо образовните институции да бидат така распределени на територијата на државата, да им бидат еднакво достапни на сите заинтересирани за студирање. Програмата не спомнува дека во западниот дел од Македонија има три универзитети од кои два државни, а во источниот дел на Македонија само два факултети и дека е потребно да се укине оваа, ќе се согласите, неправда.

Подигнувањето на образовното ниво на населението подразбира зголемување на должината на задолжителното образование. Во програмата се наведуваат податоци за должината на задолжителното образование во европските држави и се истакнува дека кај нас се направил таков чекор со тоа што се вовело девет годишно образование, а веќе почнува да се размислува и за десет годишно. Но, да видиме што е направено:

Девет годишното образование е воведено на тој начин што последната година од предучилишното образование е прогласено за задолжително. Но, за голем број од населението во државата и пред да се прогласи оваа задолжителност постоеше свест дека децата треба да посетуваат предучилишно образование. Родителите си ги праќаат своите деца во предучилишните установи без некој да ги принудува за тоа. Со девет годишното образование така како што е осмислено и како што започна да се реализира, се решаваат само одредени проблеми на образованието на етничките заедници, затоа што

само кај нив беше помала вклученоста на децата во предучилишното образование.

Образованието, почитувани колеги, претставува систем, а еден од неговите подсистеми е основното образование. Потсистемот на осумгодишното основно образование, беше поделен во две нивоа. Пониско, од прво до четврто одделение, односно одделенска настава и повисоко од петто до осмо одделение односно предмет на настава.

Што е со потсистемот на девет годишното основно задолжително образование?

Со оглед на тоа што расправаме за програма, во неа очекувавме да најдеме разработена шема на новиот модел на основно образование и конкретна листа на акции што ќе се реализираат според прецизно утврдена динамика. Но, што најдовме? Најдовме искази од типот, каков систем на деветгодишно образование ќе се примени т.е. дали ќе се примени модел 3+3+3, или 5+4, или 4+5, или 6+3, ќе зависи од постојната состојба на образованието во земјава и карактерот на проблемите кои се очекува да се надминат.

Со оглед на тоа што составувачот на програмата нагледно ни открива дека нема идеја за тоа како треба да биде организирано нашето основно образование, ја користиме приликата да дадеме придонес во прецизирањето на програмата преку изложување на нашата визија. Тоа е девет годишно образование поделено во три тригодишни циклуси, од кои првите два го сочинуваат пониското основно, а третиот повисокото основно образование, или како што е именувано во меѓународната терминологија, пониско средно образование. Значи, предлагаме 3+3+3 години. Тригодишните циклуси во девет годишното основно образование се реализираат во повеќе европски земји, а се планирани во оние земји во кои сеуште се практикуваат старите образовни модели. Тригодишниот цилкуси ги заговара и Болоњскиот процес. Така со воведувањето на тригодишни циклуси во основното образование, ќе ја поставиме основата на целиот образовен систем од основното до високото образование.

Отсуството на идеја за организацијата на деветгодишното основно образование го повлекува и отсуството на идеја за организацијата на иницијалното образование на педагошките и наставничките факултети. Трите циклуси наметнуваат потреби од реорганизација на студиските програми, особено на педагошките факлутети, но и наставничките, кои едуцираат кадри за нивото на предметната настава, затоа што според природата на нештата, наставата во трите циклуси би требало да биде, прв циклус одделенска настава, втор циклус комбинација на одделенска и предметна настава и трет циклус предметна настава.

Со оглед на учениците во најголемиот број на училишта во државата,вториот циклус би го реализирал еден наставник, но тој треба да биде подготвен за новата задача што му ја поставува новата шема на образованито.

Деветгодишното образование, така како што е замислено во оваа програма, не ја остварува целта што му се препишува дека со него му се зголемува должината на задолжителното обазование. Задолжителното образование не се определува само со годините на учењето, туку и со возраста на учениците до која тие задолжително треба да бидат во училишните клупи. А со нашето девет годишно образование горната граница на возраста си останува иста. Измената се однесува само на долната граници која се спушта за една година. Во овој поглед наш предлог е задолжителното образование да го опфати и средното образование односно горaната граница на задолжителното образование да се поклопува со границата која го обележува влезот во полнолетството. Тоа е 18-годишната возраст. На тој начин ќе се создадат реални услови да се исполни очекуваниот број на студенти како и да се обезбедат соодветни човечк ресурси за реализација на сите планови за напредок на државата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете заменик министре.

**Тале Герамичиоски:** Им благодарам на сите пратеници кои зедоа учество во дебатирањето со Националната програма.

Ако нешто ми смета тоа е што во дебатите беше ставен акцент на повикувањето само на основниот базичен програмски документ, без да бидат земени во предвид програмсите документи кои ги добиваат во електроска форма. Ако ги погледнеа ќе видеа дека голем дел од нивните заложби, анализи и предлози, се состојат од тие програмски документи. Мислам дека најдобронамерно е сето тоа поставено.

Уште еднаш благодарам за дискусијата.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресто по текстот на Предлогот на Националната програма.

И така е крај на нашиот работен ден, ве известувам дека утре ќе продолжиме во 11,00 часот со 128 седница, бидејќи има неколку точки, а потоа ќе продолжиме со сегашнава седница, значи со гласањето по Националната програма за образованието.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)